Црвен крст на Република Северна Македонија




# АНАЛИЗА

## НА ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

2021

Црвен крст на Република Северна Македонија

**АНАЛИЗА НА ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА**

*Издавач:* Црвен крст на Република Северна Македонија
*За издавачот:* Д-р Саит Саити, Генерален секретар
*Автори:* Билјана Журовска, Александра Ристовски, Александар Стојаноски
*Година:* 2021
*Дизајн* Владимир Хаџи Пулевски

# Содржина


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 5 |
| ИЗВАДОК ОД РЕЦЕНЗИЈА | 6 |
| РЕЗИМЕ | 7 |
| ВОВЕД | 9 |
| Глобално ширење на пандемијата | 9 |
| Клиничка слика – Симптоми | 10 |
| Методи за превенција и контрола на САРС-КоВ-2 инфекцијата | 10 |
| Глобални мерки за ограничување на ширење на пандемијата | 10 |
| Подготвеноста и распоредување на КОВИД-19 вакцините | 11 |
| Економски аспекти на пандемијата | 11 |
| Психолошки аспекти на пандемијата | 12 |
| СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 13 |
| Процена на ризик за понатамошно ширење на КОВИД-19 | 14 |
| Мерки преземени од државата за спречување на ширење на КОВИД 19 | 14 |
| Економски мерки | 16 |
| КОЈА Е ЦЕЛТА НА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА КОВИД - 19 ПАНДЕМИЈАТА ? | 17 |
| ЗОШТО Е ВАЖНА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА? | 18 |
| Методологија на истражувањето | 19 |
| ОПШТ КОНТЕКСТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 21 | 21 |
| УЛОГАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА КАТАСТРОФИ | 23 |
| КРИЗНА СОСТОЈБА - КОВИД-19 | 24 |
| Проценка на потребите на ЦКРСМ во справување со КОВИД - 19 | 24 |
| УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ВО ОДГОВОР НА КРИЗАТА СО КОВИД – 19 | 26 |
| Преглед на преземени активности на национално друштво за време на КОВИД -19 | 28 |
| Поддршка на ранливо население за време на КОВИД - 19 пандемија | 30 |
| Поддршка на бездомниците за време на КОВИД-19 пандемија | 31 |
| Поддршка на мигрантите за време на КОВИД - 19 пандемија | 33 |
| Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови, во време на КОВИД-19 пандемија | 34 |
| Координација и комуникација на ЦКРСМ со релевантни институции во Р. Северна Македонија за време на КОВИД -19 | 35 |

ПОДГОТОВКА НА ЦКРСМ ЗА ВТОР БРАН НА КОВИД-19 36
Анализа на потреби/проценка на потреби/ таргетирање и активности 37
Главни активности и мобилизирање на ресурси при активирање на планот 38
План за стокови резерви на ЦКРСМ за Сценарио 3 во ЦКРСМ, ООЦК, ЦКГС 38

СОРАБОТКА СО ПАРТНЕРИ – ДОНАТОРИ ПРИ СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА 39

КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ НА НД ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19 41
Предизвици и преземени активности при спроведување на обуките по прва помош 41
Предизвици и превземени активности при спроведување на крводарителските акции 43
Предизвици и преземени активности при одбележување на традиционалните недели и ЦКА-ПХВ активности 44

РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗА НА АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ 47

АНАЛИЗА НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДГОВОРОТ НА НД ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА (МАРТ- МАЈ 2020 ) 47

АНАЛИЗА НА СТРЕС ТЕСТ ПРАШАЛНИКОТ
АНАЛИЗА НА АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА ВОЛОНТЕРИТЕ, НАДВОРЕШНИ ПАРТНЕРИ, ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ И КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИТЕ НА ЦКРСМ ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД -19 51
Анкетен прашалник - Задоволство на корисниците од услугите на ЦКРСМ за време на КОВИД -19 51
Анкетен прашалник - Задоволство на надворешни партнери од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД - 19 54
Анкетен прашалник - Задоволство на владини институции од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД 19 55
Анкетен прашалник - Задоволство на волонтерите на Црвен крст на РСМ при спроведување на активности за време на Ковид -19 57

ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА НА АНКЕТНИ ПРАШАЛНИЦИ 61

ЗАКЛУЧОК 63

НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ И ПРЕПОРАКИ 64

АКРОНИМИ 68

АНЕКС – АНКЕТНИ ПРАШАЛНИЦИ 69

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 80

# ПРЕДГОВОР

Анализата е посветена на кризната состојба КОВИД-19 и на проценката на потребите и улогата на Црвениот крст на Република Северна Македонија во справување со КОВИД-19 пандемијата. Подготвеност и дејствување во случај на катастрофи и кризни состојби е една од клучните - приоритетни области на Црвениот крст на Република Северна Македонија која е дел од Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Главната цел на оваа анализа е да се направи истражување на севкупниот одговор и активностите кои ЦКРСМ ги презеде за време на КОВИД 19 пандемијата преку пружање поддршка на владините органи во справување со кризата во период од 26.02.2020-31.07.2020 на ниво на РСМ. Како специфични цели за изработка на Анализата се:

- Детектирање на предизвиците со кои се соочи ЦКРСМ при спроведување на активностите во одговорот со КОВИД-19;
- Проценка на задоволството на корисниците на услугите и активностите кои ги превзеде ЦКРСМ (хуманитарна помош, психолошка поддршка итн.) и
- Проценка на задоволството на волонтерите, надворешни партнери и владини институции од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД-19.

Црвениот крст на Република Северна Македонија активно се вклучи во одговорот на КОВИД-19 пандемијата на национално ниво, и како партнер на државата делуваше согласно својата визија и мисија. На почетокот на епидемијата во светот, ЦКРСМ започна со имплементација на превентивни активности преку изработка на промотивни материјали за правилна и навремена заштита од КОВИД-19, а покасно, своите програмски активности ги насочи кон итна помош на најзагрозеното население која се состоеше од хуманитарна помош во храна, хигиена, средства за дезинфекција и лична заштита.

Во анализата е детално претставена поддршката на ранливото население од страна на ЦКРСМ во соработка со МТСП и други владини институции во земјата. Посебно е прикажана поддршката на бездомниците, мигрантите и лицата во трето доба која продолжува и во услови на пандемија, не само преку делење на храна и облека, туку и преку едукација и споделување на промотивни материјали за соодветна заштита и превенција од КОВИД-19.

Со изработка на оваа Анализа сакаме да ги согледаме нашите остварувања, да видиме колку успешно сме се справиле со предизвиците за време на КОВИД-19 пандемијата, и да извлечеме заклучоци како да бидеме поуспешни при справување со идни кризни состојби од сличен карактер.

Сакаме да искажеме посебна благодарност до нашите партнери и поддржувачи, а пред се на волонтерите на ЦКРСМ и населението на Република Северна Македонија кое преку донации и волонтерски ангажман ја покажаа својата солидарност и хуманост при справување со КОВИД-19 пандемијата.

д-р Саит Саити
Генерален секретар
Црвен крст на Република Северна Македонија

# ИЗВАДОК ОД РЕЦЕНЗИЈА

Трудот ***Анализа на одговорот на Црвен крст на Република Северна Македонија на ковид-19*** пандемијата од авторите Билјана Журовска, Александра Ристовски и Александар Стојаноски, претставува своевидна евалуација на сопствената работа во нови, досега непознати услови, од што произлегоа идеи и предлози за понатамошно функционирање во времето на Ковид-19. Во таа смисла, оваа анализа претставува значаен чекор кон подобрување на работењето на ЦКРСМ.

Во однос на начинот на истражување, анализата има елементи на акционо истражување, со оглед дека е вршена во самиот процес на работа на ЦКРСМ, кој доведува до определени исходи, кои се следени на квалитативен и квантитативен начин. Исто така, во истражувањето е водено сметка за перспективата на учесниците во процесот (вработените, волонтерите, корисниците, надворешните соработници ), односно како тие го интерпетираат своето искуство, задоволството/незадоволството од услугите и меѓусебната комуникација, а направена е евалуација и на функционирање во рамките на организацијата.

Со оглед на тоа што целта на анализата е евалуација и подобрување на работата, сметаме дека истражувањето методолошки е добро поставено, со користење на анкетите за испитување на ставовите на одредени целни групи.

Многу е значајно што ЦКРСМ како организација чии вработени и волонтери доаѓаат во допир со стресни ситуации, во анализата го проценува одговорот на секоја индивидуа поединечно, користејќи се со тест за стрес, а со тоа, како и со обуките за психосоциајлната поддршка, покажува дека води сметка за добросостојбата на своите вработени и волонтери. Препорачуваме, доколку во иднина, во истражувањата, се прават проценки на стресот, во извештајот од истражувањето да стои име на тестот, што точно мери и кои му се метриските карактеристики.

Анализата на одговорот на Црвен Крст на Република Северна Македонија на Ковид-19 пандемијата претставува добро фундирана анализа, со елементи на акционо истражување, која претставуава евалуација на работата на ЦКРСМ за време на Ковид, и како таква може да послужи како пример за начините на кои ЦКРСМ ќе се справува и со други ситуации, слични на оваа во иднина. Она што посебно треба да се истракне е дека, и во ситуација во која се наоѓаме, а во која ЦКРСМ има многу нови предизвици и многу различни активности како организација, е направена оваа анализа, за да, користејќи научни методи, ја следи и евалуира својата работа во овој тежок момент, со цел да ја унапреди својата работа.

***Проф. д-р Драгана Батиќ***

# РЕЗИМЕ

За разлика од претходните епидемии на коронавируси кои имаа тенденција да бидат регионализирани, брзината со која КОВИД-19 пандемија стана глобална е многу подраматична. Вирусот стигна до скоро секоја земја во светот за помалку од 6 месеци. За да се спречи ширењето на пандемијата, многу земји меѓу кои и Република Северна Македонија, презедоа разни мерки за ограничување на ширење на пандемијата, како што се затварање на границите, воведување на карантин и самоизолација, социјална дистанца, затворање на образовни институции и работни места и забрани за јавен собир. КОВИД-19 пандемијата имаше големо влијание врз работната сила и вработувањето, голем број на луѓе како во светот така и во нашата држава останаа без работа или без редовни примање, што доведе до нагло зголемување на стапката на социјално ранливо население.

***Анализа на одговорот на Црвен крст на Република Северна Македонија на КОВИД-19 пандемијата.***

Црвениот крст на РСМ е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија која зад себе има долготрајна традиција од 75 години постоење и дејствување, остварувајќи ја притоа хуманата мисија за подобрување на животот на најранливите лица на домашен и меѓународен план. Положбата и задачите на Црвениот крст, употребата и заштитата на амблемот и името на Црвениот крст, како и начинот на финансирање на задачите на Црвениот крст се уредени во посебен закон - Закон за Црвениот крст на Република Македонија (Сл. Весник бр.41/94). Со Статутот на Црвениот крст на РСМ се уредени поставеноста и структурата на Организацијата како и основните цели и задачи и истиот е во согласност со Статутот на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Главната цел за изработка на анализата е да се направи истражување на севкупниот одговор и активностите кои ЦКРСМ ги презеде за време на КОВИД-19, како и одредување на задоволството од клучни соработници и корисници на услуги на НД за временскиот период февруари - декември 2020 година.

За изработка на оваа анализа како главни методолошки средства користени се: електронски анкетни прашалници наменети за секретари, вработени и волонтери во ЦКРСМ/ООЦК/ЦКГС, корисници на услугите на ЦКРСМ, донатори и владини институции и анализа на квалитативни и квантитативни податоци добиени од ОЦ, релевантна литература и споделените анкетни прашалници.

Црвениот крст на Република Северна Македонија активно се вклучи во одговорот на КОВИД-19 пандемијата уште од самиот почеток и како партнер на државата делуваше согласно својата визија и мисија преку 33 ООЦК и Црвен крст на град Скопје. Националното друштво навремено започна со контактирање на партнери, за поддршка и финансирање на активностите на ЦКРСМ и иницираше национален апел за мобилизирање на фондови и обезбедување хуманитарна помош.

Како членка на Меѓународна федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина ЦКРСМ обезбеди полесен пристап за побрзо реагирање и пружање помош и поддршка за ранливо население при справување со пандемијата. За време на КОВИД -19 пандемијата ЦКРСМ е во постојана координација и комуникација со ЦУК, ДЗС, МЗ, СЗО, Секретаријатот за европски прашања (СЕП) и други организации на национално ниво.

Од почетокот на кризата па се до завршување на вонредната состојба сите традиционални активности на Црвениот крст беа во мирување, освен крводарителството и целиот капацитет беше пренасочен за одговор на КОВИД-19. Сите услуги на Црвениот крст

беа прилагодени според препораките и протоколите на владата.

Националното друштво направи рана проценка на клучни ризици кои можат да се појават за време на кризната состојба меѓу кои и ризикот по здравје и обезбеди соодветна едукација за превенција од КОВИД -19 на сите волонтери и вработени вклучени во операцијата.

Ранливите групи на кои ЦКРСМ им пружа помош и поддршка за време на КОВИД-19 се: деца, лица во трето доба, лица во изолација и самоизолација, лица во карантини, лица со постојни здравствени состојби, специфични заедници, лица со посебни потреби, социјални случаи, семејствата кои изгубија членови на семејство поради КОВИД-19, самохрани родители, бездомници, мигранти итн.

Преземените активности на ЦКРСМ за време на пандемијата беа во насока на: подигање на јавната свест за КОВИД-19, промоција на хигиена, помош за скрининг на границите и аеродромите, подготовка на национален апел за хуманитарна помош, дистрибуција на хуманитарни пакети со храна, хигиена и заштитни средства од донации и сопствени резерви за социјално загрозени и ранливи групи, воспоставување на телефонска линија за психосоцијална поддршка на ранливо население, поддршка на мигранти и бездомници, и доставување на прехранбени и хигиенски производи, лекови, онколошка терапија и инсулинска терапија на лицата во изолација, самоизолација и карантин.

***Од податоците добиени од анкетните прашалници може да заклучиме дека:***

Во однос на насоките добиени од ЦК и ОЦ, 59% од ООЦК и ЦКГС сметаат дека тие биле навремени, но 68% имале предизвици при имплементација на добиените насоки од ЦК и ОЦ. Сите ООЦК и ЦКГС имале одлична соработка со другите владини институции и невладини организации и истите не им претставувале пречка во имплементација на активностите за КОВИД-19.

Според ООЦК/ЦКГС услугите и сервисите кои се обезбедени во вонредната ситуација беа ефикасни и соодветни на потребите на локално ниво и насоките. 24% од ООЦК/ЦКГС се соочиле со недостаток на човечки ресурси за време на пандемијата и 87% од нив обезбедиле поддршка од различни донатори на локално ниво. Генералното ниво на стрес на вработените и волонтерите на ЦКРСМ, ООЦК И ЦКГС е на Ниво 2 - ниво на стрес кое е над нормалното. Најчесто користени медиуми од страна на ООЦК/ЦКГС за подигање на јавната свест за превенција од КОВИД – 19 на населението се социјалните медиуми.

Корисниците на услугите на ЦКРСМ го изразија своето задоволство од ангажманот на НД и потврдија дека повторно би ги користеле услугите, бидејќи истите направија промена во нивниот живот на подобро. Преку 90% од надворешните партнери и владините институции изјавија дека имаат воспоставено успешна соработка и дека повторно би соработувале со ЦКРСМ. Од анкетираните волонтери 88,7% се задоволни од соработката и 84.8% од нив повторно би волонтирале во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

Од добиените заклучоци од анкетните прашалници ќе произлезат научени лекции и препораки за подобро искористување на можности, соодветно справување со предизвици и со тоа полесно и подобро менаџирање на идни кризни состојби од сличен карактер. Целокупниот процес за изработка на оваа анализа има за цел да овозможи намалување на ранливоста на целата заедница како и зачувување и градење на имиџот на националното друштво.

***Клучни зборови:*** КОВИД-19, пандемија, кризни ситуации, ранливо население, поддршка, хуманитарна помош, ЦКРСМ,ЦКГС и ООЦК .

# ВОВЕД

Според Светската здравствена организација (СЗО), светот е сведок на појава на неколку епидемии предизвикани од повеќе од 20 инфективни агенси во текот на изминатата деценија. Некои од овие епидемии беа предизвикани од нови инфективни агенси како што се Х1Н12 и МЕРС (1).

Коронавирусите (CoVs) во текот на изминатите 2 децении, беа поврзани со значајни епидемии кои ги зафатија регионите во Источна Азија и Блискиот исток (2).Тешкиот акутен респираторен синдром (САРС) и респираторниот синдром на Блискиот исток (МЕРС) започнаа да се појавуваат во 2002 и 2012 година, и претставуваа глобални предизвици за јавно здравствените системи (2, 3).

Новиот коронавирус, првично наречен нов коронавирус 2019-nCoV, за првпат беше откриен кога група на пациенти пријавија симптоми на пневмонија од непозната причина до локалните кинески здравствени установи во Вухан, провинција Хубеи, на почетокот на декември 2019 година (1, 4).

СЗО го прогласи КОВИД-19 за јавно здравствена вонредна состојба од меѓународен интерес на 30 јануари (3), додека на 11 февруари 2020 година вирусот го доби името САРС-КоВ-2, а болеста КОВИД-19 (4, 5).

За прв пат во историјата на пандемии, беше можна брза и реална комуникација на знаење и споделување на информации помеѓу научници, специјалисти за инфективни болести, професионалци од јавното здравство, креатори на политики и пошироката јавност. На научната заедница и беа потребни неколку недели да го карактеризираат избувнувањето, идентификуваат предизвикувачкиот агенс, да го споделат неговиот геном и да развијат високо специфична дијагностика (3).

## *Глобално ширење на пандемијата*

Првично, епицентарот на пандемијата САРС-КоВ-2 беше во Кина, која објави значителен број смртни случаи поврзани со КОВИД-19. Кон крајот на февруари и почетокот на март, повеќе меѓународни извештаи на САРС-КоВ-2 потврдија дека над 82 000 лица биле заразени, а над 2800 пациенти починале ширум светот (4, 5). По Кина до средината на март, пандемијата се прошири и предизвика високи нивоа на инфекција во Јужна Кореја, Австралија, Иран и Западна Европа, особено во Италија, Шпанија, Исланд и Скандинавија (6).

СЗО на 11 март 2020 година официјално го прогласи КОВИД-19 за пандемија, бидејќи вирусното заболување зафати најмалку 114 земји и уби повеќе од 4000 луѓе (4, 5). Од 13 март 2020 година Европа беше активен центар на пандемијата (7). На 19 март 2020 година, Италија ја надмина Кина како земја со најмногу пријавени смртни случаи (8).

До средината на април, пандемијата значително се прошири во Турција, Русија, Белорусија, САД, Канада и Саудиска Арабија, додека до средината на мај ги зафати Јужна Америка Бразил, Чиле и Перу (6).

Од 13 мај 2020 година, потврдени случаи на САРС-КоВ-2 се пријавени во повеќе од 210 земји, освен во Кина. (9) (Извештај за состојбата на СЗО 114) (25, 64) Стапката на инфекцијата до средината на јуни значително се зголеми во Индија, Пакистан, Авганистан, Казахстан, Јужна Африка и Мексико, КОВИД-19 е пријавен на сите континенти, освен на Антарктикот (2, 6).

Речиси сите земји забележаа голем пораст на нови инфекции до средината на октомври предизвикани од САРС-КоВ-2. Грција објави рекордно високо ниво од 3.209 нови случаи дневно во ноември, со 992 потврдени во заедницата за бегалци / мигранти и 96 во отворени страници за сместување. Во Италија,забележа-

но е  високо ниво на инфекција во прифатните центри и кај новопристигнатите мигранти и бегалци, вклучително и деца. Во ноември, бројот на потврдени случаи на САРС-КоВ-2 инфекции на 100.000 жители ги сруши скоро сите претходни рекорди поставени на Западен Балкан, јужните групи, Бугарија, Грција, Италија, Турција и Украина. Во декември, Турција регистрираше најголем пораст на случаи со КОВИД-19 од избувнувањето на пандемијата. (46). На 14 декември 2020 година, властите на Велика Британија пријавија до СЗО нов вид од вирусот кој го именуваа како САРС – КоВ-2 VOC 202012/01 (варијанта на загриженост, 2020 година, 12 месец, варијанта 01)

На 18 декември, националните власти во Јужна Африка објавија откривање на нова варијанта на САРС-КоВ -2, која рапидно се шираше во три провинции на Јужна Африка. Јужна Африка ја именуваше оваа варијанта 501Y.V2, поради мутација на N501Y. (47)

Според податоците од СЗО заклучно со 27.12.2020, на глобално ниво забележана е бројка на 79.231.893 лица инфицирани со САРС-КоВ-2 е и 1.754.574 смртни случаи.(10)

## *Клиничка слика – Симптоми*

Еден од главните проблеми со КОВИД-19 пандемијата е тоа што симптомите на болеста може да имаат различни манифестации кај пациентите. Некои симптоми се неверојатно сериозни, додека други се толку лесни што пациентите изгледаат асимптоматски (5). Врз основа на досега објавените студии направени во Кина, 80,9% од пациентите заразени со вирусот развиваат лесна инфекција, 13,8% развиваат тешка пневмонија, респираторна инсуфициенција во 4,7% и септичен шок или откажување на повеќе органи во 5%, додека 3% од случаите се фатални (11).

Симптомите на КОВИД-19 имаат тенденција да се појават за околу 2-14 дена по изложеноста на вирусот, и вклучуваат треска, болка во мускулите, главоболка, кашлица, болки во грлото и губење на вкус или мирис (5), исто така можни се и гастроинтестинални симптоми како што се дијареја (2% - 10,1%) и гадење и повраќање (1% - 3,6%) (12).

Италијанскиот национален здравствен институт објави дека иако само 0,8% од смртните случаи немаат пријавено друг коморбидитет, приближно 25,1% од оние кои починале имале уште едно друго заболување, 25,6% имале две други заболувања, а 48,5% имале три или повеќе постоечки здравствени состојби. Хипертензијата и дијабетесотсе меѓу најдоминантните коморбидитети, заедно со срцевите болести (3).

## *Методи за превенција и контрола на САРС-КоВ-2 инфекцијата*

Со цел да се намали ризикот од заразување со САРС-КоВ-2, СЗО препорача да се применат неколку хигиенски и лични практики. Првата препорака е редовно миење на рацете со сапун и вода, докажано е дека темелното миење раце во период од 15 секунди го намалува бројот на патогени за приближно 90%, додека 30 секунди отстранува до 99,9%. Исто така, препорачливо е рацете да се чистат со дезифициенси врз база на 60%- 90 % алкохол. Понатаму СЗО препорачува покривање на устата и носот при кашлање или кивање, носење опрема за лична заштита, поточно хируршки маски за лице или маски N95 и одржување на социјална дистанца од најмалку 1.5 метри [58] (1).

Со оглед на тоа што бројот на лица заразени со САРС-КоВ-2 продолжува да се зголемува на глобално ниво, брзата дијагностика во раните фази, терапевтските лекови и вакцините се клучни за управување со пандемијата КОВИД-19 (11).

## *Глобални мерки за ограничување на ширење на пандемијата*

За разлика од претходните епидемии на коронавируси кои имаа тенденција да бидат регионализирани, брзината со која оваа пандемија стана глобална е многу подраматична (12). Големината и опсегот на денешната глобална патувачка мрежа се огромни, патогените микроорганизми кои се појавуваат на локално ниво имаат капацитет да се шират

брзо, да ги преминат границите и да станат непосредна закана за јавното здравје низ целиот свет. Пример за тоа е КОВИД-19 пандемија каде што појавата на навидум ограничен кластер на случаи на пневмонија поврзана со пазарот на морска храна во Вухан, Кина стана една од најстрашните пандемии во историјата на човештвото (3). Вирусот стигна до скоро секоја земја во светот за помалку од 6 месеци. Неколку од овие земји веќе претрпуваат епидемија на втор бран, додека други како Русија, Бразил, Индија и одредени делови на Африка, остануваат во нивниот прв бран (5).

За да се спречи ширењето на КОВИД-19, многу земји делумно или целосно ги затворија своите граници и го ограничија движењето на луѓето. НР Кина прва воведе ограничувања, преку спречување и ограничување на движењето низ Провинција Хубеи (57 милиони жители) (13). Италија го следеше примерот на Кина, воведувајќи карантин, опфаќајќи 11 градови и села во регионите Ломбардија и Венето. Воведувањето на карантин подоцна се прошири низ целата земја (60 милиони жители). САД воведоа забрани за патувања до и од Италија и Република Кореја. Од 28 март, податоците на Меѓународната асоцијација за воздушен транспорт (IATA) покажаа дека над 156 земји имаа некаква форма на ограничување на патувањето - одбивање влез, ограничување на визи или воведување задолжителен карантин и 104 земји беа целосно затворени (13).

Без вакцина за спречување на болеста и со ограничени медицински интервенции на располагање за нејзино лекување, повеќето земји презедоа разни видови на нефармацевтски интервенции, воведување на карантин и самоизолација, социјална дистанца, затворање на образовни институции и работни места, откажување или одложување на настани (големи конференции и изложби, концерти, политички дебати и избори, спортски настани) и забрани за собирање луѓе (14).

Со воведување на мерки за социјалното дистанцирање, ограничување на движењето, изолацијата и преоптоварените капацитети во болниците, клиниките и одделите за итни случаи, ја наметнаа потребата за воведување на технолошки потпомогнати стратегии за испорака на нега, како што се телемедицина и тријажа спроведена онлајн. (12)

## *Подготвеноста и распоредување на КОВИД-19 вакцините*

COVAX, еден од трите столба на Забрзувачот за пристап (ACT) до КОВИД-19 вакцините, предводен од Глобална алијанса за вакцини и имунизација (GAVI), Коалицијата за иновации за епидемиска подготвеност (CEPI) и СЗО, имаа за цел да го забрзаат развој и производство на КОВИД-19 вакцините и гарантирање фер и правичен пристап за секоја земја. Преку Центарот COVAX, на земјите што сами се финансираат ќе им се гарантираат доволни дози за заштита на 10 до 50% од нивната популација. Посебен механизам за финансирање, COVAX Наредна посветеност на пазарот (AMC), ќе го овозможи пристапот до КОВИД-19 вакцините за земјите со среден и понизок приход што не можат целосно да си дозволат да плаќаат сами за вакцините КОВИД-19.

Од 15 декември, Албанија, Ерменија, Азербејџан, Босна и Херцеговина, Грузија, Црна Гора и Србија потпишаа договори за посветеност на Организацијата COVAX како земји што самофинансираат. Бугарија, Хрватска, Грција, Италија и Романија се приклучија како дел од тимот на Европската комисија за Европа. Косово, Киргистан, Молдавија, Таџикистан, Украина и Узбекистан се економии со среден или понизок приход што се целосно поддржани како земји со подобни за забрзување на пристап до КОВИД-19 вакцините . (45)

## *Економски аспекти на пандемијата*

За исклучително кратко време, влијанието кое КОВИД -19 го имаше врз повеќе индустрии и глобалната економија беше катастрофално (12) Глобалните ограничувања за патувања и воведување на карантин предизвикуваа најтешко нарушување на светската економија од Втората светска војна (14).

Од самиот почеток пандемијата влијаеше на некои сектори повеќе од другите. Авиотранспортот и туризмот беа силно погодени поради патничките и граничните ограничувања (13). Меѓународните, регионалните и локалните ограничувања за патување веднаш ги засегнаа националните економии, вклучувајќи го и туризмот, т.е. меѓународни патувања, домашен туризам, авионски транспорт, крстарења, јавен превоз, сместување, кафулиња и ресторани, конвенции, фестивали, состаноци и спортски настани (14).

Проследена со сериозни економски влијанија на светско ниво, поради ненадејниот прекин на глобалната трговија и синџирите на снабдување, пандемијата со КОВИД-19 ги принуди голем број на компаниите во светот да донесат одлуки што доведоа до значителни економски загуби (2). Тешко е да се проценат економските последици од пандемијата КОВИД-19, но сигурно ќе бидат доволно големи за негативно да влијаат на глобалниот економски раст за следните години (12).

КОВИД-19 пандемијата имаше големо влијание врз работната сила и вработувањето. Ограничувањата за авионски патувања имаше огромни последици врз авионската индустрија која вработува околу 66 милиони луѓе на глобално ниво. Во НР Кина, околу 5 милиони луѓето останаа без работа во првите 2 месеци од 2020 година. Стапката на невработеност достигна рекордни 6,2% во февруари 2020 година, во однос на 5,3% во јануари 2020 година и 5,2% во декември 2019 година (13).

Како одговор на економската криза, владините органи ширум светот најавија и неколку макроекономски стимулси за поддршка за исплата на плати и одржување на работните места, обезбедување парични трансфери, снабдување со храна за сиромашните, продолжена исплата на кредити и даночна помош на деловните субјекти (бизнисите) (13).

## *Психолошки аспекти на пандемијата*

Посттрауматски синдром (ПТС), меѓу преживеаните и роднините на жртвите од КОВИД 19, може да биде следната пандемија која ќе го зафати светот. Вакви феномени се забележани во големи размери во Африка по епидемијата на ебола во 2014-2016 година. На сличен начин, раните извештаи од Кина покажуваат дека епидемијата на КОВИД-19 резултираше во значителен број нови случаи со ПТС (12).

Треба да се очекува дека ПТС ќе биде повеќе застапен во земјите кои беа најмногу погодени од пандемијата. Затоа и ќе биде подеднакво важно да се обезбедат достапни локални ресурси за да им се помогне на поединците да се справат со огромниот емоционален стрес од КОВИД-19 пандемијата. Покрај тоа, треба да се очекуваат значителни стапки на анксиозност, депресија и други нарушувања на менталното здравје, како кај општата популација така и кај давателите на здравствени услуги. Можеби, најстрашната последица од менталното здравје е зголемувањето на самоубиствените идеи и самоубиството за време на пандемија (12).



# СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## -заклучно со 03.01.2021-

Во Република Северна Македонија заклучно со 03.01.2021, пријавени се вкупно 84.129 случаи на КОВИД-19 (I=4.065,8/100.000) (48)

Највисока кумулативна инциденца на 100.000 жители се регистрира во Штип со 6.295,4 на 100.000 жители, Скопје (5.889,3/100.000), Свети Николе (5.084,8/100.000) и Кавадарци (5.026,3/100.000), а инциденца под 2.000 заболени на 100.000 жители се регистрира во Македонски Брод, Радовиш и Крушево. ( Картограм 1) (48).

*Картограм 1.* Инциденца на 100.000 жители, КОВИД-19, Р.С. Македонија




Во однос на датумот на пријавување, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Највисок број на пријавени случаи на дневно ниво (n=1.406) е регистриран на 17.11.2020(48).

Регистрирани се 2.550 смртни случаи (Лт = 3,0%). Во однос на дата на смрт најголем број на смртни случаи се регистрирани на 30.11.2020 година. Од регистрираните смртни случаи, најголем дел се на возраст над 60 години (n=2.002) каде е регистриран и највисок специфичен морталитет – 522,3/100.000 жители.(48)

***Графикон 1.*** Дистрибуција на смртни случаи од КОВИД-19 во С. Македонија според дата на смрт, 2020 година (n=2.550)




Од 15.02.2020-03.01.2021 тестирани се вкупно 405.099 материјали (детектирани 84.129 позитивни лица) во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на САРС-КоВ-2 и во лабораториите во кои се спроведува брз антигенски тест. Со ова во Р. Северна Македонија се направени 195.783 тестови на 1.000.000 жители (48).

## *Процена на ризик за понатамошно ширење на КОВИД-19*

Проценката на СЗО на глобално ниво и на ниво на Европски Регион за понатамошно ширење на КОВИД-19 кажува дека ризикот е висок.

Според категоризацијата на ризикот се проценува дека:

- Република Северна Македонија е во фаза 4 (широко-распространета трансмисија во заедницата). (48)

## *Мерки превземени од државата за спречување на ширење на КОВИД 19*

Уште при крајот на јануари 2020 година, министерот за здравство Венко Филипче изјави дека државата направи подготовки за справување доколку вирусот се појави во Р. Северна Македонија. Првата мерки против ширењето на вирусот е воведување на скенирање со термална камера на патниците на Меѓународниот Аеродромот во Скопје и Аеродромот во Охрид како и потполнување на прашалник (15).

На 11-тата седница на Владата донесени се мерки за одложување на патувањата и екскурзиите на основните и средните училишта во Италија и ограничување на влезот во земјата на оние кои доаѓаат од кризните подрачја (16). Министерството за здравство на 25 февруари објави список на 14 телефонски броеви поделени по региони кои треба да се контактираат по пристигнување на територијата на Македонија и за пријавување на сомнителни симптоми налик на коронавирусот (17).

Првиот случај на КОВИД-19 во Република Северна Македонија е регистриран на 26 февруари 2020 година, станува збор за пациента која се заразила за време на престој во Италија (17).

Како одговор на декларацијата од СЗО за глобалната пандемија КОВИД-19, Владата презеде низа регулаторни одговори за да ги ублажи негативните ефекти кај населението и воведе мерки за заштита на економијата (19). На 11 март се затворени сите образовни установи во земјата и Вла-

дата донесе одлука еден од родителите на дете до 10 години да има право да остане дома со платено отсуство. Со затварање на училиштата и универзитетите предавањата продолжија преку електронски средства - онлајн едукација (20). Одлуката за забрана за работата на кафетерии, барови, клубови, ресторани, продавници, казина и спортските обложувалници донесена е на 14 март и со оваа одлука само продавниците за храна, аптеки и продавниците што дозволија доволно физичко растојание имаа можност да работат (21).

Од почетокот на март 2020 година продолжија интензивно да се појавуваат нови случаи на заболени. На 13 март поради големиот број на заразени и можноста за ширење на вирусот, прогласена е кризна состојба во соседните општини Дебар и Центар Жупа и истите се ставени под карантин (22). Во време на ескалација на ситуацијата со КОВИД-19, од 17 март сите гранични премини во Република Северна Македонија беа затворени за странски државјани – патници и возила, освен за влез и транзит на товарни возила и за претставниците од дипломатскиот кор во Република Северна Македонија. Меѓународниот Аеродромот Скопје беше затворен за воздушен сообраќај, освен за државни, воени, хуманитарни, медицински, карго и летови без патници (23).

По предлог на техничката влада, вечерта на 18 март од страна на претседателот Стево Пендаровски поради пандемијата воведена е вонредна состојба на целата територија на Р. Северна Македонија во времетраење од најмалку 30 дена која подоцна беше продолжена до 22 јуни 2020 година. Ова е првпат во историјата на државата да биде воведена мерката за вонредна состојба (24).

Од 20 март жариштето на пандемијата се префрлува во главниот град Скопје (25). На 23 март, Владата воведе полициски час со забрана за движење на населението и носењето заштитни маски е задолжително за секое излегување во јавноста. Поради затворање на сите трговски центри, компании итн. и префрлањето на работа од дома, зголемена е потребата за хуманитарна помош - голем број луѓе ја загубија својата работа и предизвиците во однос на животните потреби зголемија (26).

На 51- вата седница на Владата на 12 мај 2020 година се усвои планот за намалување на рестриктивните мерки за ширење на КОВИД 19 кој е планиран да се реализира во три фази:

Првата фаза беше наменета за тековното функционирање на стопанските дејности во време на прогласена вонредна состојба и постепено намалување на времето за забрана на движење. Втората фаза има за цел воспоставување на стриктни протоколи за работа за превенција и спречување на појава и ширење на КОВИД-19, и третата фаза, предвидува потполно враќање на редовниот работен процес со почитување на основните превентивни мерки за одржување лична хигиена и физичко дистанцирање (27).

Предвремени парламентарни избори планирани за 12 април се одложени поради загрижувачката состојба со КОВИД-19 и се одржани на 15 јули 2020 година (28). Од 26 јуни 2020 година, сите гранични премини се отворени за непречено движење на патници и возила без приложување на ПЦР тестови, и без упатување до домашна изолација или спроведување во задолжителен државен карантин (29). Сепак, на 8 јули, Владата повторно го воведе барањето за негативен PCR-тест за помалку од 72 часа за патниците од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово (30).

На 18.08.2020 Владата на Република Северна Македонија на 81-та седница ги прифати препораките на Комисијата за заразни болести за организирање на наставата во основните и средните училишта согласно кои образовната програма за 2020/2021 година треба да се одвива онлајн (49).

На 20 ноември 2020 година Владата донесе  одлука за постоење на кризна состојба во траење од 30 дена (50).

На 23.12.2020 портпаролите на Владата информираа дека  вакцините за КОВИД-19

се очекуваат во првите месеци од 2021 година. Веќе се обезбедени 833.000 вакцини за популација од околу 400.000 граѓани за вакцина и ревакцинација во рамки на КОВАКС механизмот. Штом биде достапна вакцината во земјава, први ќе ја примат лекарите, медицинскиот персонал и сите други на првата линија во борбата со пандемијата, потоа хронично болните, возрасните граѓани, вработените во градинките и останатите на приоритетната листа. (51).

## *Економски мерки*

Во ситуација на здравствена и финансиската криза Владата на Република Северна Македонија презеде низа мерки за справување со кризата, кои се однесуваа на справувањето со последиците од економски и социјален аспект негативните ефекти од светската криза. Во време кое налагаше итна реакција, Владата на Република Северна Македонија презема првично соодветни мерки за справување (31,32).

1. **ПАРИЧНА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИТЕ** - за поголема потрошувачка и за развој на домашните економски дејности (31, 32, 33).
2. **ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО** –за иновативност и развој, за зачувување на постојните и за нови работни места (31, 32, 34, 35, 36, 37, 38).
3. **ПОДДРШКА ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ** –нови приходи од плодната македонска земја (31, 32).
4. **ДИРЕКТНА ПОМОШ ЗА ЛИЦАТА БЕЗ РАБОТА, ЗА СПОРТИСТИ, ЗА УМЕТНИЦИ** (31, 32, 39).
5. **ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА И ОДЛОЖУВАЊЕ НА ДОЛГОВИ** (31, 32, 40, 41, 42, 43, 44).

Првите два пакети на економски мерки го амортизираа првиот удар од економската криза предизвикана од коронавирусот.

Главните карактеристики на овие пакет мерки беа нивната навременост, нивната сеопфатност и нивното прецизно димензионирање.

Третиот пакет економски мерки има за цел да овозможи заживување на македонската економија преку директна поддршка на граѓаните.

Вкупната вредност на трите економски пакети изнесуваше 550 милиони евра или 5-5% од БДП (31,32).



# КОЈА Е ЦЕЛТА НА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА КОВИД - 19 ПАНДЕМИЈАТА ?

***Главната цел*** на оваа анализа е да се процени квалитетот на активностите и услугите кои ЦКРСМ ги презеде во целокупниот процес на пружање поддршка на владините органи во справување со КОВИД-19 пандемијата во периодот од 26.02-31.12.2020 на ниво на РСМ.

***Специфични цели на анализата се:***

- Детектирање на предизвиците со кои се соочи ЦКРСМ при спроведување на традиционалните активности на НД (обуки по прва помош, крводарителство, ПХВ-ЦКА, одбележување на традиционални недели, итн.) и како се справи со истите за време на КОВИД-19.
- Детектирање на предизвиците со кои се соочија секретарите и волонтерите на ООЦК и ЦКГС при спроведување на активностите во одговорот со КОВИД-19 и како се справија со истите.
- Одредување на задоволството на корисниците на услугите од активностите кои ги превзеде ЦКРСМ (хуманитарна помош, психолошка поддршка итн.).
- Одредување на задоволството на надворешни партнери - донатори, од соработката со ЦКРСМ.
- Одредување на задоволството на владини институции од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД-19.

- Добри примери, научени лекции и препораки за ЦКРСМ во однос на одговорот на НД при справување со КОВИД-19, кои можат да се инкорпорираат во идни ситуации од овој тип со цел надградба на капацитетите на НД.

# ЗОШТО Е ВАЖНА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА?

Една од клучните мисии на Црвениот крст на Р. Северна Македонија е подготвеност и дејствување во случај на катастрофи и ефикасно искористување сите средства и ресурси кои ни се на располагање за да ја обезбедиме потребната поддршка на населението, со посебен акцент на ранливото население - секаде и секогаш кога тоа е потребно. Националното друштво води редовна документација и има база на податоци од спроведените активности и предизвици за секоја кризна состојба во која има земено учество од кои произлегуваат научени лекции.

За разлика од кризни ситуации со кои ЦКРСМ се има претходно соочено и кои имаа тенденција да бидат од локален или регионален карактер, последиците од брзината со која КОВИД-19 пандемијата се ширеше беа глобални и многу подраматични. Црвениот крст на Р. Северна Македонија за прв пат се сретнува со ваков вид на кризна состојба од глобални размери.

Со податоци добиени од спроведеното истражување за изработка на анализата, добивме соодветни информации, предлози и препораки од клучни учесници и соработници на националното друштво кои беа инволвирани во кризната ситуација КОВИД-19 (волонтери, вработени, секретари на ООЦК/ЦКГС, надворешни партнери и корисници на услугите итн) од кои ќе произлезат заклучоци и научените лекции за подобра подготвеност и брз и ефикасен одговор за идни кризни ситуации од ист или сличен карактер.



# *Методологија на истражувањето*

За изработка на оваа анализа како главни методолошки средства користени се:

**1. Електронски анкетни прашалници** наменети за следните целни групи: секретари, вработени и волонтери во ЦКРСМ/ООЦК/ЦКГС, корисници на услугите на ЦКРСМ, надворешни партнери-донатори и владини институции). Согласно мерките на владата со цел превенција од ширење на КОВИД-19 инфенкцијата истражувањето за оваа анализа се спроведе преку он лајн анкетни прашалници.

Во периодот од 01.05-26.07.2020 се направени и споделени електронски следните анкетни прашалници:

- **Анкетен прашалник за евалуација на одговорот на НД за време на вонредната состојба (март-мај 2020г).** за одредување на предизвици и справување со истите при спроведување на активностите за време на КОВИД -19
- **Анкетен прашалник за вработени и волонтери во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК** - за одредување на нивото на стрес за време на КОВИД -19
- **Анкетен прашалник наменет за одредување на задоволството на волонтерите** на ЦКРСМ за време на КОВИД -19
- **Анкетен прашалник наменет за одредување на задоволството на корисниците** од услугите на ЦКРСМ за време на КОВИД -19
- **Анкетен прашалник за одредување на задоволството на надворешни партнери - донатори,** од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД -19
- **Анкетен прашалник за одредување на задоволството на владини институции** од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД -19
- Анкетениот прашалник за евалуација на одговорот на НД за време на вонредната состојба, анкетните прашалници за одредување на задоволство на волонтери, корисници на услуги, владини институции и донатори се изработени од страна на стручни лица од областа на здравствено превентивни програми и управување со кризи во ЦКРСМ и ЦКГС одговорни за изработка на оваа анализа.
- Додека пак анкетниот прашалник за одредување на ниво на стрес на вработени и волонтери на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК е превземен од Меѓународната федерација на Црвен крст (John Ehrenreich- стрес тест).

**2. Анализа на квалитативни и квантитативни податоци** добиени од:

- **Оперативниот центар каде што се изработуваат неделни и месечни извештаи** за преземени активности на ООЦК/ЦКГС при одговор и справување со КОВИД 19 во нашата држава.
- **Релевантна литература (студии, публикации, документи од официјални интернет страни и други интернет извори)** за активностите превземени при одговор и справување со пандемијата во нашата држава



и во светот и бројот на заболени и починати од КОВИД-19.

- **Електронските анкетни прашалници** за одредување на:
  - предизвиците на секретарите на ООЦК/ЦКГС при спроведување на активностите во време на КОВИД-19 и
  - задоволство на корисници на услуги, волонтери, надворешни партнери и соработници (донатори и владини институции) од превземените активности и целокупната соработка со ЦКРСМ за време на пандемијата.

**Квантитативните податоци** од оваа анализа содржат информации за видот на хуманитарна помош и поддршка на ранливото население и начинот на нејзина дистрибуција, обезбедена соработка со донатори, партнери и корпорации и нивни предлози, предизвици со кои се соочи националното друштво како при спроведување на хуманитарната помош така и при организирање на традиционалните активности за време на вонредната состојба.

Од **квалитативните податоци** добиваме информации за финансиската поддршка од клучни партнери - донатори, бројот на добиена и дистрибуирана хуманитарна помош на ранливото население (број на пакети со храна и хигиенски производи, заштитна опрема, итн.) задоволството на корисници, секретари на ООЦК/ЦКГС, вработени, волонтери и партнери од соработката со ЦКРСМ изразено во проценти.

# ОПШТ КОНТЕКСТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Црвениот крст на Република Северна Македонија зад себе има долготрајна традиција од 75 години постоење и дејствување, остварувајќи ја притоа хуманата мисија за подобрување на животот на најранливите лица на домашен и меѓународен план.

Црвениот крст на РСМ е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија и дејствува и работи како невладина и непартиска организација и како единствена организација на територијата на Република Македонија.

Во периодот од 1992 до 2020 година, од осамостојувањето, Црвениот крст на РСМ е активно вклучен во обезбедување на помош за хуманитарно згрижени лица, баратели на азил, внатрешно раселени лица, социјални случаи, лица погодени од природни катастрофи и други категории на ранливи лица. Програмите и проектите на Националното друштво се имплементирани со поддршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст, повеќе национални друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина и други меѓународни и домашни владини и невладини организации и институции.

Иако постојат активности од почетокот на 20 век во времето на поранешна Југославија, сепак официјален датум се смета дека Црвениот крст на Македонија е формиран на 17 март 1945 година; Црвениот крст на Република Македонија е признат како национално друштво на Црвен крст од Меѓународниот комитет на Црвениот крст на 01.11.1995, а на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина, како 169 членка на Меѓународното движење.

Како важни услови за признавање на националното друштво Црвен крст на Република Македонија се:

1. Прифаќање на Женевските конвенции од 12 август 1949 и Дополнителни протоколи од 1977 односно ратификување од страна на Владата на Република Македонија на 25 август 1993 година;
2. Собранието на Република Македонија на 26 јули 1994 година го донесе Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

Црвениот крст на Република Северна Македонија е единствена организација на територијата на Република Северна Македонија, која ја сочинуваат организациите на Црвениот крст на општините и градот Скопје. Црвениот крст на РСМ не претставува здружение на граѓани, но е доброволна, масовна, самостојна, невладина, непартиска и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија.

Положбата и задачите на Црвениот крст, употребата и заштитата на амблемот и името на Црвениот крст, како и начинот на финансирање на задачите на Црвениот крст се уредени во посебен закон - Закон за Црвениот крст на Република Македонија (Сл. Весник бр.41/94). Со Статутот на Црвениот крст на РСМ поблиску се уредени поставеноста и структурата на Организацијата како и основните цели и задачи и истиот е во согласност со Статутот на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Црвениот крст на РСМ во рамките на напорите за ефикасно трансформирање, реорганизација и надградба на капацитетите на националното друштво, особено во последните години, презема повеќе активности

за осовременување на работата. Со транспарентно работење и навремено известување, воспоставување на ефикасен комуникациски систем, како и обука на волонтерскиот и професионалниот кадар и надградување на материјално - техничките капацитети на организацијата, се придонесува кон подобрување на имиџот на националното друштво и развој на организацијата во лидер во организирањето на хуманитарните активности во државата.

## ВИЗИЈА
## НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

**Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.**

## МИСИЈА
## НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

**Црвен крст на Република Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.**

Црвениот крст на Република Северна Македонија работи и дејствува преку 35 постојани канцеларии низ кои се покрива целата територија на Република Северна Македонија: централна канцеларија во Скопје, 5 општински и една градска во Скопје и уште 28 канцеларии во речиси сите градови низ Северна Македонија.



# УЛОГАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА КАТАСТРОФИ

Подготвеност и дејствување во случај на катастрофи е една од клучните - приоритетни области на Црвениот крст на Република Северна Македонија пропишани во член 19 од законот за ЦКРСМ. Оваа област опфаќа низа превентивни мерки и активности во сферата на подготвеност, дејствување и опоравување од катастрофи. Одреден број на обучени волонтери од областа на заштитата и спасувањето членуваат во Републичката единица за одговор при катастрофи и во тимовите за одговор при катастрофи во 33 општински организации. ЦКРСМ на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи, изгради партнерски однос со одговорни структури на државно и локално ниво, заради воспоставување на ефикасни механизми на координација и менаџирање на катастрофите врз основа на постојаната Законска регулатива. Во ЦКРСМ функционира и Оперативен центар на Црвен крст, кој ги координира активностите на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи и соработува со Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) и Центарот за управување со кризи (ЦУК) кои како државни институции се носители на активностите.

Националното друштво остварува добра соработка и има склучено договори за соработка со Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и други министерства, со Бирото за развој на образованието, Против пожарни единици во Република Северна Македонија и други институции.

ЦКРСМ остварува редовна комуникација и соработка со националните друштва на Црвен крст и НВО во регионот и пошироко, со Европската Зоната на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина со седиште во Будимпешта, како и со Меѓународен комитет на Црвен крст со цел да се координираат и спроведуваат активностите за подготвеност и дејствување при катастрофи за поддршка на ранливото население.

Изминатите години Националното друштво интензивно работеше на планот за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи. Волонтерите и вработените на Црвениот крст успешно се справија со кризите кои го зафатија нашиот регион (босанската и косовската кризна состојба, внатрешниот конфликт во Република Северна Македонија во 2001 година, поплави, пожари снежни намети, епидемии, енормно високи температури). Активностите на нашите волонтери и вработени беа позитивно оценети од сите релевантни фактори во државата и странство, што придонесе Црвениот крст да стане дел од системот за управување со кризи, заштита и спасување.

# КРИЗНА СОСТОЈБА - КОВИД-19

## *Проценка на потребите на ЦКРСМ во справување со КОВИД - 19*

Црвениот крст на Република Северна Македонија направи рана проценка на потребите за справување со кризната ситуација предизвикана од КОВИД-19. Најпогодениот дел од заедницата на почетокот беше медицинскиот персонал во целата земја и луѓето од општините Дебар, Центар Жупа, Куманово, Велес, Прилеп, Тетово и Скопје со повеќе од 800 000 лица во ризик кои беа директно и индиректно засегнати (со акцент на ранливите групи, социјални случаи и сл.). Што се однесува до потребата за психосоцијална поддршка, Црвениот крст спроведе онлајн анкета за мапирање на потребите и потенцијалните ризици од обласа на ментално здравје наменета за сите лица вклучени во поддршка и помош на ранливо население.

Проценката на Црвениот крст во соработка со Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и другите институции утврди и друга категорија на ранливи групи (луѓе кои изгубиле работа, социјални случаи во ризик и слично) кои имаат потреба од средства за дезинфекција и пакети со храна и хигиена. Националното друштво, исто така, процени потреба од обезбедување на парична помош на семејствата кои изгубија членови на семејство поради КОВИД-19.

ЦКРСМ континуирано работеше на идентификување на потребите на заедницата и НД преку податоците добиени од дневни и неделни извештаи од 33 ООЦК и ЦКГС, и преку онлајн анкети за проценка на капацитетите и потребите на Општинските Организации на Црвен крст и засегнатите заедници и корисници.

## *Процена на оперативни и институционални ризици*

Црвениот крст на Република Северна Македонија направи проценка на клучни ризици меѓу кои ризикот по здравје, отежнато спроведување на услуги и активности поради воведување на полициски час, негативниот одѕив во медиуми, зголемување на обем на активности, квалитет и одржливост на работењето, систем на управување со кризи и управување со волонтери и вработени. Националното друштво исто така обезбеди и соодветна едукација за правилна превенција од КОВИД-19 на сите волонтери и вработени вклучени во операцијата и обезбеди лична заштитна опрема потребна за извршување на секојдневните работни активности.

| ОБЛАСТ НА РИЗИК | ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА ЦКРСМ |
| --- | --- |
| **Здравје на волонтери и вработени кои работат на терен** | ☐ Едукација и обука за вработени и волонтерите за превенција од КОВИД-19<br>☐ Зголемување на заштитните мерки согласно СЗО<br>☐ Измена на работните пристапи за да се намали ризикот од изложеност на лица кои не се здравствени работници во областите погодени со висок ризик<br>☐ Минимизирање на несуштинско патување<br>☐ Дневни брифинзи и ППП<br>☐ Поддршка во случај на инфекција со КОВИД-19<br>☐ Здравствено осигурување за волонтерите на терен<br>☐ Супервизиски сесии за ментално здравје и стрес менаџмент на вработени волонтери на ЦКРСМ |
| **Нарушени услуги како резултат на рестрикции на движење или болест на персонал** | ☐ Координација и комуникација со релевантни министерства<br>☐ Утврдување флексибилни аранжмани за работа<br>☐ Добивање дозволи од владата за движење за време на полициски час |
| **Негативен одзив во медиуми поврзани со превземените активности за одговор на кризата** | ☐ Проактивна комуникација со медиуми и заинтересирани страни<br>☐ Ангажирање и одговорност во заедницата<br>☐ Темелна анализа на потреби, планирање, приоритизација и известување<br>☐ Подготовка на дневни и неделни извештаи за превземени активности<br>☐ Онлајн кампањи и соопштенија за медиуми со посебен акцент на социјалните мрежи |
| **Зголемување на активности** | ☐ Подготовка на резерви и мобилизација на волонтери<br>☐ Адаптација на системот за дистрибуција<br>☐ Мобилизирање на средства |
| **Квалитет и одрживост на операцијата** | ☐ Собирање податоци и анализа на анкета за задоволство на корисниците<br>☐ Детална проценка и планирање<br>☐ Следење, евалуација и адаптација<br>☐ Размена на информации со корисници и засегнати страни<br>☐ Ангажирање и одговорност во заедницата<br>☐ Акција заснована на докази со партнери во заедницата и медиумите |
| **Систем за кризен менаџмент** | ☐ Активно учество на состаноци на Центарот за кризен менаџмент<br>☐ Активно учество на состаноци со Сектор за Европски прашања<br>☐ Активно учество на состаноци со ДЗС<br>☐ Комуникација и координација со партнери<br>☐ Работа според СОП на НД и СОП на Центарот за кризен менаџмент |



# УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ВО ОДГОВОР НА КРИЗАТА СО КОВИД – 19

Црвен крст на Република Северна Македонија е активен од самиот почеток и појавата на првите регистрирани случаи на КОВИД-19 преку 33 ООЦК и Црвен крст на град Скопје. Од февруари, 2020 година активиран е Оперативниот центар (ОЦ) на националното друштво кој се наоѓа во Логистичкиот центар на Црвен крст на Република Северна Македонија. На дневна основа (24/7) ОЦ ја следи и анализира состојбата поврзана со КОВИД-19, одржува координација со државните институции и организации вклучени во системот за управување со кризи и ги координира активностите на ООЦК и ЦКГС. ОЦ е во постојана комуникација и координација и со Регионалната канцеларија на МФЦКЦП во Будимпешта и националните друштва на ЦК/ЦП во регионот.

Црвениот крст на РСМ активно се вклучи во одговорот на КОВИД-19 пандемијата на национално ниво и како партнер на државата делуваше согласно својата визија и мисија. На почетокот на епидемијата во светот, ЦКРСМ започна со имплементација на превентивни активности преку изработка на промотивни материјали за правилна и навремена заштита од КОВИД-19. Превентивните промотивни материјали изработени според насоките на МФЦКЦП и преведени на македонски и албански постојано се споделуваа на социјалните мрежи на ЦКРСМ.



*Активни општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје – извор NICS Public*

Во периодот од крајот на февруари 2020 година и почетокот на март 2020 година имаше масовно враќање на население во земјата кое е привремено на работа во странство. ЦКРСМ во тесна соработка со Министерството за здравство, постави свои волонтери на граничните премини Деве Баир - Крива Паланка, Табановце - Куманово, Ќафасан - Струга, Блаце - Скопје и Гевгелија – Богородица кои спроведуваа анкета на сите патници кои влегуваа во државата во соработка со Царинската Управа и МВР. Акцијата започна на 05.03.2020 година и заврши на 17.03.2020 година кога Владата на Република Северна Македонија донесе одлука за затварање на сите гранични премини.

Со прогласување на вонредна состојба на 18.03.2020 година и воведувањето на ограничување на движењето на сите граѓани (полициски час) ЦКРСМ своите програмски активности ги насочи кон итна помош на најзагрозеното население која се состоеше од хуманитарна помош во храна, хигиена, средства за дезинфекција и лична заштита, потоа достава на храна и лекови на стари и изнемоштени, самци, граѓани во изолација, самоизолација и карантин, самохрани родители, и останато ранливо население преку мобилните тимови на национално ниво. На дневна основа околу 350 - 450 обучени волонтери и вработени беа распоредени на терен за да одговорат на итни потреби на ранливото население. Во 16 ООЦК и ЦКГС се воспоставија телефонски линии за психосоцијална помош за ранливото население и лица во изолација.

Волонтери на ЦКРСМ му помагаа на Министерството за здравство во дистрибуција на лекови за лица со хронични заболувања во државни карантини, дистрибуција на инсулин за лица со дијабетес кои се во изолација. Националното друштво дистрибуираше хуманитарна помош на бездомници, мигранти, социјални случаи и останато ранливо население од акции и донации во соработка со локалната самоуправа, како и со поддршка на организации и компании.

Превземените активностите се координираа согласно препораките на Владата на РСМ, тимовите на Црвен крст беа логистичка поддршка во многу операции, а мобилизирани беа повеќе организации кои преку Црвен крст обезбедија донации приоритетно, онаму каде што беше најнеопходно.

## ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА ЦКРСМ ЗА ПОГОЛЕМА СПРЕМНОСТ И ПОДОБАР ОДГОВОР ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19

| ИНСТИТУЦИОНАЛНА ОБЛАСТ | ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ |
|---|---|
| **Адаптирање на активностите на националното друштво согласно препораките на владата** | Несуштинските активности се стопирани за контрола на потрошувачка или за пренамена на ресурсите за одговор на КОВИД-19. Некои активности во проектите за одговор при катастрофи се пренаменуваат за КОВИД-19, а некои обуки се вршат според регулативите на владата. |
| **Зголемување на безбедносни мерки и опрема за волонтери** | Стандардите на СЗО се применуваат за екипите на терен и за сите вработени и волонтери на Црвен крст и се прават дневни брифинзи за зголемување на безбедноста. |
| **Мобилизирање фондови** | По почетокот на КОВИД-19, НД започна со контактирање на партнери, поддршка и други активности за финансирање и обезбедување хуманитарна помош. НД исто така иницираше национален апел за мобилизирање на средства. Црвениот крст добива финансиски средства на различни начини: приватни донации, компании, организации, Меѓународна Федерација, МКЦК, УСАИД и др. |

| | |
|---|---|
| **Мобилизирање и обука на волонтери и човечки ресурси)** | Некои од волонтери и вработените кои беа во ризични / ранливи групи не беа во можност да помогнат во операцијата. Поради тоа, нови волонтери беа мобилизирани и обучени за одговор на КОВИД-19. |
| **Логистика** | Покрај волонтерските часови, за многуте интервенции беа потребни материјали и возила за транспорт. Менаџирањето, осигурувањето, транспортот, одржувањето и набавката на овие ресурси се координирани преку Централната канцеларија ЦК. Материјалите беа во вид на пакети со храна, пакети за хигиена, дезинфекција и др. Покрај тоа, НД на располагање имаше камиони и магацини од компании. |
| **Планирање, Мониторинг и Евалуација** | Оперативниот Центар (ОЦ) кој се наоѓа во Логистичкиот центар на Црвен крст на Република Северна Македонија, континуирано, на дневна основа (24/7) ја следи и анализира состојбата поврзана со КОВИД-19, комуницира и координира со државните институции и организации вклучени во системот за управување со кризи и ги координира активностите на ООЦК и Црвен крст на град Скопје. ОЦ постојано комуницира и координира со Регионалната канцеларија на Федерација во Будимпешта и Националните друштва во регионот. |
| **Унапредување на менаџирање на податоци и ГИС решенија** | Црвен крст ја користи националната ГИС платформа (NICS) за координација, управување со податоци и менаџирање на волонтери и вработени. Исто така се користат и други платформи за спроведување на анкети (Google Forms) и комуникација и состаноци (ZOOM, SKYPE и др). |

## *Преглед на преземени активности на национално друштво за време на КОВИД -19*

- Подигање на јавната свест за КОВИД-19, превод и споделување на материјали за превенција на КОВИД-19 на македонски и албански јазик преку социјални медиуми и печатење и дистрибуција на флаери за граѓаните со совети за заштита од КОВИД-19, како и совети за психосоцијална поддршка
- Промоција на хигиена
- Помош за скрининг на граничните премини
- Мерење на температура на аеродроми (термални камери)
- Подготовка на национален апел за хуманитарна помош
- Мобилизирање на фондови од корпоративниот сектор наменети за набавка на медицински материјали за заштита (маски, ракавици и останата заштитна опрема) и дистрибуција на истата за потребите на мобилните тимови кои се на терен, како и до ранливи категории корисници
- Формирање на мобилни тимови составени од волонтери кои дос-

тавуваа хуманитарна помош

- Дистрибуција на лекови за лица со хронични заболувања во државните карантини
- Поддршка за лицата во изолација и самоизолација со доставување на потребни прехранбени и хигиенски намирници, лекови и онколошка терапија
- Дистрибуција на инсулин за лица со дијабетес кои се во изолација
- Дистрибуција на хуманитарни пакети со храна и хигиена од донации и сопствени резерви за социјално загрозени и ранливи групи
- Дистрибуција на заштитни маски и останати заштитни материјали
- Дистрибуција на облека и обувки од донации и сопствени резерви
- Воспоставување на СОС телефонска линија за психосоцијална поддршка на ранливо население и лицата во изолација и СОС линија наменета за стари и немоќни лица
- Дезинфекција на возила, простории и опрема на волонтери и вработените во Црвен крст
- Помош на бездомните лица како една од најранливите категории, во Пунктот за бездомници на Црвен крст на град Скопје
- Поддршка на мигрантите кои транзитираат низ земјата и мигрантите сместени во транзитните центри, Центарот за баратели на азил и Центарот за странци
- Подготовка на план за акција за втор бран на КОВИД-19
- Спроведување на активности согласно Акцискиот план на Владата на РСМ за справување со КОВИД19 и прогласена кризна состојба на територија на целата држава




- Мобилни тимови за бесплатна услуга за набавка и дистрибуција на храна, хигиена, лекови и др.
- Одржување на trijажни шатори во болници/центри за јавно здравје
- Спроведување на епидемиолошки анкети
- Состаноци на кризен штаб и координација со локална самоуправа
- Поддршка во спроведување на вакцинација

# *Поддршка на ранливо население за време на КОВИД - 19 пандемија*

ЦКРСМ е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, и промовира солидарност и хуманост. Согласно мисијата и искуството на дејствување во изминатите години, ЦКРСМ за време на КОВИД -19 се организираше на терен и ја надгради постоечката мрежа на функционирање со воспоставување на мобилни тимови во секоја ООЦК и ЦКГС со цел полесен, побрз и подобар пристап до ранливо население и обезбедување на поддршка за истите.

Волонтерите и вработените на ЦКРСМ беа во постојан контакт на терен со ранливи групи преку обезбедување на услуги и дистрибуција на хуманитарна помош (храна, хигиена, лекови итн.). При спроведување на хуманитарната помош волонтерите и вработените строго се придржуваа на заштитни мерки кои се во согласност со препораките на СЗО за помагање на лицата во изолација, лица кои се позитивни на КОВИД 19 и други ранливи групи. Се одржуваа дневни брифинзи за безбедност и предизвици и Оперативниот центар беше во постојана координација со екипите и општинските организации на Црвен крст преку апликацијата NICS за следење на екипите на терен и следење на патеките на движење. Во соработка со МТСП и други владини институции во земјава, ранливите групи кои се селектирани да им се помогне и пружи поддршка за време на пандемијата се: деца, лица во трето доба, лица со посебни потреби, лица во изолација и самоизолација, лица во карантини, лица со постојни здравствени состојби, мигранти, бездомници, специфични заедници, социјални случаи, самохрани родители и сите други кои побараа помош. Оперативниот центар одржуваше дневни брифинзи и беше во постојана координација со екипите и општинските организации на Црвен крст преку апликацијата NICS за следење на екипите на терен и следење на патеките на движење.

| Вкупен број на превземени активности од страна на ЦКРСМ март-декември 2020 година | |
|---|---|
| **Асистирани лица со психосоцијална поддршка** | 7.001 |
| **Асистирани лица со бесплатна услуга за набавка и дистрибуција на храна, хигиена, лекови и др** | 8.130 |
| **Дистрибуирани семејни пакети со храна** | 27.929 |
| **Дистрибуирани семејни пакети со хигиена** | 29.398 |
| **Дистрибуирани дезинфекциски пакети** | 12.584 |
| **Дистрибуирани бебешки пакети** | 2 989 |
| **Дистрибуирани заштитни маски** | 184.974 |
| **Дистрибуирани заштитни ракавици** | 189 772 |
| **Медицински прегледи на ранливи групи** | 2.314 |
| **Дистрибуирани топли оброци до ранливи групи** | 29.610 |
| **Дистрибуирана терапија** | 3.504 |
| **Број на дистрибуирани оброци за бездомници** | 4.937 |
| **Број на асистенции со хигиена, дезинфекција, облека итн бездомници за бездомници** | 9.230 |
| **Мобилизирани волонтери и вработени на дневна основа** | 500 – 600 лица |
| **Ангажирани човечки ресурси (волонтери) на ООЦК/ЦКГС** | **747** |
| **Број на лица опфатени во останати активности (дистрибуција на постери, јавни кампањи.** | **над 300 000 лица** |
| **Ангажирани човечки ресурси (вработени лица - стручна служба) на ООЦК/ЦКГС** | 139 |

Волонтерите се движечка сила на секое Национално друштво, и потребно е секојдневно уважување на нивниот труд и безрезервна мотивација. Волонтери на ЦКРСМ кои помагаа на ранливото население за време на КОВИД-19 имаа можност да бидат поздравени и охрабрени да продолжат со својот ангажман од страна на претседателот на државата, г. Стево Пендаровски. Тој го посети Црвениот крст на РСМ и лично се запозна со волонтерите, со нивната работа и со предизвиците со кои се соочуваат при спроведување на теренските активности за време на КОВИД-19. На средбата тој изрази голема благодарност за сите напори кои што досега беа вложени од страна на волонтерите и упати молба да продолжат со својот ангажман, бидејќи даваат извонреден пример за тоа како треба да се постапува кога се наоѓаме во тешка ситуација. Исто така тој истакна дека волонтерите покажуваат дека солидарноста не е изгубена и дека човештината постои.

Пред крајот на годината се одржа онлајн средба на барање на премиерот г. Зоран Заев на која присуствуваа претставници на Министерство за здравство, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Црвениот крст на Р.Северна Македонија-Црвен крст на град Скопје и Противпожарна бригада.

Од негова страна и во име на Владата на РСМ беше искажана благодарност за целиот систем кој Црвениот крст го имаше развиено во кој се вклучени повеќе од 500 волонтери на дневно ниво и преку 150 професиналци.





## *Поддршка на бездомниците за време на КОВИД-19 пандемија*

Пунктот за бездомници на Црвен крст на град Скопје лоциран во Момин Поток е отворен во 2008 година, додека Стационарниот дел - Прифатилиштето е отворено во 2010 година и функционира во текот на целата година. Повеќе од десет години во континуитет, пунктот за бездомници во Момин Поток е единственото место каде бездомните лица добиваат услуги од доктор, социјален работник и психолог како и хигиенски и берберски услуги.

Пунктот е отворен секој работен ден за консултација, додека одржувањето на лична хигиена, менувањето на нечистата облека, добивање топол оброк, добивањето на медикаменти, прегледи кај доктор како и вадење на лична документација и ред други активности се реализираат два пати во неделата (среда и петок) каде на дневна основа се услужуваат по 60 бездомници. Сместувачкиот капацитет на прифатилиштето е 32 кревети, но доколку се појави поголем број на бездомници за згрижување овој простор се адаптира и може да се сместат до 40 бездомници. Во 2017 година во Пунктот се отвори и новиот објект (женското одделение) и во 2019 година, отворена беше и трпезарија и кујнски дел, простор кој ќе овозможи подостоинствен престој и консумирање на оброк во наменски убаво уреден дел.

Во период на прогласување на КОВИД-19 пандемија, Црвен крст на град Скопје формираше мобилен тим кој покрај редовните услуги кои се нудеа во самиот пункт, обезбеди и дополнителна поддршка за бездомните лица. Тимот секојдневно патролираше на улиците во Скопје и обезбедуваше поддршка за овие лица преку обезбедување на маски, дезинфициенси за раце, ракавици и промотивни материјали за соодветна заштита и превенција од КОВИД-19. За време на средбите тимот едукативно влијаеше на бездомниците во насока на промоција на важноста на сопственото но и колективното здравје. Во самиот пункт се изготвија посебни протоколи, секој бездомник кој доаѓаше во пунктот задолжително мораше да носи маска.

Од 15 март до 31 декември бездомниците го посетија Пунктот за бездомници на ЦКГС вкупно 5.915 пати, и притоа се обезбедени:

- 1400 посети на лекар,
- 544 посети на социјален работник,
- 88 стручно - советодавни разговори од страна на психологот,
- 5028 поделени лекови и
- 17.152 парчиња облека.

***Во овој период од страна на социјалниот работник извадени се: :***

- 24 изводи,
- 9 државјанства,
- 43 лични карти,
- 32 објави за изгубени лични карти,
- 2 пресуди за бракоразвод, 1 венчаница
- 1 умреница,
- како и други документи кои им се потребни на бездомниците за остварување на право од системот на социјална заштита.

Во ***Табела 1.*** претставен е број на споделени заштитни средства во Пунктот за бездомници.

**ТАБЕЛА 1. БРОЈ НА ПОДЕЛНИ ЗАШТИТНИ СРЕДСТВА НА БЕЗДОМНИЦИ 15 МАРТ -31 ДЕКЕМВРИ /2020**

| Маски | Сапуни | Алкохолни марамици |
|---|---|---|
| **5915** | **4031** | **4031** |



# Поддршка на мигрантите за време на КОВИД - 19 пандемија

Црвен крст на град Скопје преку мобилните тимови на терен дава поддршка со медицинска и хуманитарна асистенција на мигрантите и бегалците кои се во Привремено – Транзитните центри за бегалци/мигранти во Табановце-(Куманово) и Винојуг-(Гевгелија), ирегуларните мигранти во Лојане и Ваксинце и Прифатниот центар за странци – Гази Баба, како и намалување на ранливоста на бебињата, децата, мајките, старите лица и лицата со посебни потреби. Црвен крст на град Скопје е присутен на терен 24 часа во центрите во Винојуг, Табановце и Лојане/Ваксинце со екипи за прва помош и екипи за логистичка поддршка. Тимот кој е ангажиран е составен од медицински тим, логистички тим, тим за дистрибуција како и тим за служба барање.

Една од активностите кои продолжија и за време на КОВИД -19 панедмијата е токму поддршка за мигрантите/бегалците кои транзитираат низ нашата земја. Согласно препораките од страна на Влада на РСМ и Стандардните мерки за контрола и превенција од КОВИД-19 донесени од ЦКРСМ продолжија редовните активности за оваа целна група. Покрај редовната поддршка се засили поддршката токму во делот на заштита и превенција од КОВИД-19 помеѓу мигрантите. Преведувачите беа обучени за пренесување на информации за рано препознавање на симптомите и мерки за заштита од ширење на КОВИД -19. Секој мигрант беше обезбеден



со маска, ракавици, средства за дезинфекција на рацете како и личен мал сет по прва помош. За лицата кои се во контакт со мигрантите и кои им даваат поддршка задолжително беше носење на заштитна опрема.

Од почетокот на пандемијата, односно од 15 март до 31 декември згрижени се:

- 9.667 ирегуларни мигранти на северната граница (мобилен тим Лојане)
- 25.783 ирегуларни мигранти на јужната граница (мобилен тим Гевгелија)
- 2.061 мигранти/бегалци во Прифатно транзитниот центар Табановце (Куманово
- 265 мигранти/бегалци во ПТЦ Винојуг (Гевгелија)

Направени се вкупно 21.686 асистенции и интервенции на :

- 9.667 ирегуларни мигранти во Лојане
- 25.783 ирегуларни мигранти во Винојуг (Гевгелија)

Во ***Табела 2. претставена е дистрибуираната хуманитарна помош за мигранти***

**ТАБЕЛА 2. ДИСТРИБУИРАНА ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ЗА МИГРАНТИ 13 МАРТ-31 ДЕКЕМВРИ/2020**

| Вода 0,5Л | Готова храна и топли напитоци | Средства за дезинфекција | Заштитни маски и ракавици | Пакети со храна | Воспоставување на семејни врски |
|---|---|---|---|---|---|
| 45258 | 11609 | 8556 | 9733 | 7654 | 51 случај |

# *Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови, во време на КОВИД-19 пандемија*



Во рамките на Црвен крст на град Скопје од септември 2011 година започна да се имплементира проект посветен на грижа за стари лица т.е проект „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови".

Целна група на проектот се стари и изнемоштени лица кои живеат сами или со својот брачен другар кои имаат потреба од медицинска и психо-социјална поддршка во домашни услови и активни стари лица кои имаат потреба од социјализација и програма за активно стареење во концепт на деневен центар за стари лица. Вкупниот тим на вработени во сервисот брои 9 лица, а во период на вонредна состојба сервисот функционираше со намалени капацитети од 4 лица согласно мерките пропишани од Владата на РСМ.

Во период на прогласување пандемија сервисот опслужуваше 200 лица кои беа посетени во нивите домови од страна на волонтери и медицински персонал и околу 1000 корисници на дневните центри. Активностите во дневните центри се откажаа и практично сите корисници се трансформираа во приматели на услуги во нивните домови. За потребите на околу 1200 лица во трето доба, се креираше посебен мобилен тим од веќе постоечките персонал на проектот т.е. социјалниот сервис. Во состав од 2 медицински лица односно парамедик и медицинска сестра и возач се реализираат тековни активности, но во септември тимот на медицински сестри/парамедици започна со редовната посета и реализирање на теренските посети согласно мерките пропишани од Владата на РСМ. Редовната посета на лицата во трето доба, пред пандемијата, се карактеризираше со социјализација и разговор. Во период на пандемија секое лица кое се опслужуваше беше според принципот - пристап до врата со цел достава на храна и хигиенски намирници. Посетите на лицата во трето доба се спроведуваа под строго дефинирани протоколи за заштита на корисниците и самозаштита на персоналот.

За потребите на лицата од трето доба се спроведени 12 организирани дистрибуции, поделената хуманитарна помош е претставена во Табела 3.

| ТАБЕЛА 3. ПОДЕЛЕНА ХУМАНИТАРНА ПОМОШ НА ЛИЦА ВО ТРЕТО ДОБА ОД ДНЕВНИТЕ ЦЕНТРИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО СКОПЈЕ 15 МАРТ - 31 ДЕКЕМВРИ/2020 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно опслужени корисници | Пакети со средства за дезинфекција | Пакети со храна | Пакети со хигиена | Лекови | Додатоци во исхраната |
| 1.737 | 163 | 227 | 152 | 1.515 | 73 |

Истовремено, за потребите на сите корисници беше отворена СОС линија за поддршка спроведена од страна на социјален работник и по потреба се вклучуваше психолог. На оваа линија, лицата во трето доба покрај тековните разговори имаа простор да побараат дополнителна поддршка како: превземање на пензија, придружба до банка, барање за пазарување или набавка на лекови. За период од 10 месеци од отварање на СОС линијата обезбедена е прва психолошка помош и психосоцијална поддршка на околу 1000 корисници. Дополнително, на социјалните мрежи се отвори платформа за меѓусебна комуникација исклучиво за корисниците на дневните центри преку која се организираа заеднички средби и идеи за активности, како и припрема за реализација на проекти за рано закрепнување на лицата во трето доба од последиците предизвикани од КОВИД-19

Поддршката за лицата во трето доба во останатите ООЦК беа реализирани преку мобилните тимови кои пружаа поддршка на ранливото население преку доставава на храна, хигиенски препарати и лекови.

## *Координација и комуникација на ЦКРСМ со релевантни институции во Р. Северна Македонија за време на КОВИД -19*

Црвениот крст на РСМ е член на Националниот комитет за управување со кризи и има активна координација со Центарот за управување со кризи на Република Северна Македонија, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана – Армија и локални самоуправи.

За планирање и спроведување на активности поврзани со КОВИД 19, Оперативниот центар на ЦКРСМ беше во постојан контакт и координација со претставници од ЦУК, ДЗС, МЗ, СЗО и други организации на национално ниво и истовремено е и член на работната група основана од Секретаријатот за европски прашања (СЕП) - одговорна за управување со финансиска и меѓународна помош.

Министерството за здравство има долго годишно партнерство со Црвениот крст на Република Северна Македонија, за време на КОВИД-19, националното друштво го поддржа МЗ преку спроведување на скрининг на граничните премини, мерење на температура на аеродромите, дистрибуција на терапија за државните карантини, онколошка терапија за лицата во самоизолација и метадонска терапија за зависници.

На локално ниво, Општините на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје беа во постојана комуникација со единиците на ЦУК, ДЗС и единиците на локалната самоуправа.

По прогласувањето на кризната состојба на територија на целата држава, Црвениот крст на РСМ активно се вклучи во составноците на Главниот штаб на ЦУК и водено беше вклучен во Акцискиот план на Владата на РСМ за справување со последиците од КОВИД-19.

# ПОДГОТОВКА НА ЦКРСМ ЗА ВТОР БРАН НА КОВИД-19

Црвениот крст на Република Северна Македонија преку Оперативниот центар на ЦКРСМ во периодот јуни-август 2020 година подготви анализа на можни ризици и спроведе планирање на сценарио за подготвеност во случај на втор бран на КОВИД-19.

Согласно спроведената анализа предвидени се клучни ризици меѓу кои ризикот по здравје, нарушување на активности поради можно воведување на полициски час, негативен одѕив во медиуми, зголемување на обем на активности, квалитет и одржливост на работењето, систем на управување со кризи и управување со волонтери и вработени. Црвениот крст на Република Северна Македонија ги обезбеди сите волонтери и вработени вклучени во операцијата со лична заштитна опрема потребна за извршување на задачите и осигурување на човечките ресурси. Покрај тоа, волонтерите и вработените беа оспособени за преземање на мерки за лична заштита и комплетирање на курсот Остани Безбеден и други онлајн курсеви на платформата на МФЦК/ЦП, како и постојните обуки на интернет-страницата на Црвен крст на Република Северна Македонија.

| Сценарио | Показатели |
|---|---|
| **Сценарио 1** | • Ситуацијата останува иста, нема нови заразени лица од КОВИД-19, вирусот исчезнува и нема потреба од дополнителни активности на Црвениот крст<br>• Институциите се справуваат со ситауцијата и нема оптеретување на здравствениот систем<br>• Достапноста до маркетите и материјални добра е на високо ниво<br>• Рестрикциите за ранливите групи се намалуваат<br>• Редовните активности на Црвениот крст се во тек |
| **Сценарио 2** | • Ситуацијата постепено се влошува и има потреба за поддршка на 10 000 лица ( 2500 семејства)<br>• Здравствениот систем е под голем притисок и институциите тешко се справуваат со напливот на заразени лица<br>• Има притисок врз пазарот и достапноста на ресурси<br>• Реструкциите за ранливите групи се зголемуваат<br>• Сите активности на Црвениот крст во моментот се во мирување, а целиот капацитет е пренасочен за одговор на КОВИД-19. Основните услуги на Црвениот крст и на други организации, компании и др се прилагодени на препораките и протоколите на владата. |
| **Сценарио 3** | • Ситуацијата нагло се влошува и бројките се зголемуваат и има потреба за поддршка на 20 000 лица ( 5000 семејства)<br>• Здравствениот систем е во колапс,<br>• Сите активности на Црвениот крст во моментот се во мирување, а целиот капацитет е пренасочен за одговор на КОВИД-19. Основните услуги на Црвениот крст и на други организации, компании и др се прилагодени на препораките и протоколите на владата. |

# Анализа на потреби/проценка на потреби/ таргетирање и активности

Сите ранливи групи што ги таргетираше Црвен крст на Република Северна Македонија се во согласност со приоритетниот список и проценките направени од релевантните партнери како што се Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, како и базите на податоци и проценки на ООЦК и ЦКГС

# Нивоа на потреби и таргетирање:

| Сценарио | Потреби | Таргет групи | Дополнително потребни лица |
|---|---|---|---|
| **Сценарио 1** | • Психо-социјална поддршка<br>• Промоција на хигиена и заштита од COVID19 | • постари лица, лица во изолација, ранливи етнички групи, социјални случаи, самохрани родители, мигранти во транзитни кампови, бездомници, лица кои изгубиле член на семејство поради КОВИД-19 итн. | • 192 лица (вработени и волонтери) |
| **Сценарио 2** | • Дистрибуција на фамилијарни пакети со храна, хигиена и бебешки пакети, заштитна опрема, дезинфекциски сетови и др.<br>• Достава на лекови и секојдневни потреби<br>• Психо-социјална поддршка | • постари лица, лица во изолација, ранливи етнички групи, социјални случаи, самохрани родители, мигранти во транзитни кампови, бездомници, лица кои изгубиле член на семејство поради КОВИД-19 итн.<br>• 10 000 лица (2500 семејства) | • 303 лица (вработени и волонтери) |
| **Сценарио 3** | • Дистрибуција на фамилијарни пакети со храна, хигиена и бебешки пакети, заштитна опрема, дезинфекциски сетови и др.<br>• Достава на лекови и секојдневни потреби<br>• Дезинфекција на јавни установи<br>• Психо-социјална поддршка | • постари лица, лица во изолација, ранливи етнички групи, социјални случаи, самохрани родители, мигранти во транзитни кампови, бездомници, лица кои изгубиле член на семејство поради КОВИД-19 итн.<br>• 20 000 лица (5000 семејства) | • 542 лица (вработени и волонтери) |

## Главни активности и мобилизирање на ресурси при активирање на планот

- Подигање на јавната свест за КОВИД-19
- Промоција на хигиената
- Помош за скрининг на границите – поддршка на државните институции
- Дистрибуција на лекови за лица со хронични заболувања во државните карантини
- Дистрибуција на инсулин за лица со дијабетес кои се во изолација
- Поддршка на ранливите групи на население, особено децата
- Дистрибуција на храна, хигиена, лекови и др. за ранливите луѓе и луѓето во изолација
- СОС телефонска линија за психосоцијална активност за ранливите луѓе и лицата во изолација
- Дистрибуција на хуманитарна помош за случаи на бездомници и социјални случаи од акции и донации
- Дезинфекција на возила, простории и опрема на волонтери и вработените во Црвениот крст и тимови за дезинфекција во поддршка на државните институции (Центри за јавно здравје)
- Поддршка на мигрантите кои транзитираат низ земјата и мигрантите сместени во транзитните центри, Центарот за баратели на азил и центарот за странци
- Координација и комуникација со Министерство за здравство, локална самоуправа, подрачни единици на Министерство за здравство и Центри за јавно здравје на РСМ.
- Подготовка на национален апел за хуманитарна помош
- Мобилизирање на средства

## План за стокови резерви на ЦКРСМ за Сценарио 3 во ЦКРСМ, ООЦК, ЦКГС:

Подготвениот план за стокови резерви на ЦКРСМ/ООЦК/ЦКГС со цел справување со сценарио број 3 (5000 семејства со просек од 4 лица, од кои 500 се бебиња) беше подготвен согласно активностите на ООЦК/ЦКГС и проценките од Оперативниот центар.

- Заштитни маски за вработени и волонтери: 99400
- Заштитни одела за вработени и волонтери: 3260
- Заштитни ракавици за вработени и волонтери: 30000
- Заштитни очила за вработени и волонтери: 2771
- Дезинфекциско средство 10 л за дезинфекција на возила, канцеларии и магцини на ЦК: 274
- Пумпи за дезинфекција за возила, канцеларии и магацини на ЦК: 80
- Средство за дезинфекција на раце 1л за вработени и волонтери: 222
- Безконтактни термометри: 110
- сетови за заштита (маска, ракавици, дезинфекциско средство) за дистрибуција: 20000
- пакети со храна семејни за дистрибуција: 5000
- пакети со хигиена семејни за дистрибуција: 5000
- бебешки пакети за дистрибуција: 500

# СОРАБОТКА СО ПАРТНЕРИ - ДОНАТОРИ ПРИ СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД -19 ПАНДЕМИЈА

**Мобилизирање на фондови** - По почетокот на КОВИД-19, националното друштво започна со контактирање на партнери, за поддршка и финансирање на активностите на ЦКРСМ и иницираше национален апел за мобилизирање на фондови и обезбедување хуманитарна помош. Дел од партнерите за прв пат се вклучија во активностите поради добрата промоција на националното друштво, а дел од нив се партнери кои го поддржуваат работењето на Црвениот крст во различни сегменти и области на дејствување. Се покажа дека е важно градењето на имицот преку активностите, волонтерите, сервисите и транспарентното работење во мирнодобски услови со цел мобилизирање на механизи во период на катастрофи, во овој случај КОВИД-19 пандемија. Дел од поддршката се воспостави директно преку Општинските организации, дел преку Црвен крст на град Скопје, а дел директно преку НД за поддршка на локалното работење и локалната заедница. Со секој донатор поединечно се потпишуваше меморандум за соработка и согласно договорот од двете страни се работеше на промоција на заедничката соработка со цел ублажување на последиците во заедницата. Црвениот крст за време на КОВИД-19 пандемијата доби финансиски средства и заштитна опрема од приватни донации, домашни и странски компании и организации.

**Оперативни и институционални приоритети поддржани од партнерите**

- **Здравје, вода, санитација и промоција на хигиена**
  - *Обука на вработени и волонтери, подигање на свест преку едукативни материјали за хигиенизација и превенција од КОВИД-19, дистрибуција на хигиенски пакети, дезинфекциони средства и заштитна опрема.*
  - *Секундарно влијание на КОВИД-19 (ППП и ПСП, намалување на ризици на ранливи групи, заштита на волонтери и вработени, и др.)*
- **Социо-економски влијанија на КОВИД-19** (дистрибуција на хуманитарна помош на ранливите групи погодени од економската криза)
- **Институционална поддршка на националното друштво** (опремување на тимови, подигање на ниво на подготвеност и безбедност)



| ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ПАРТНЕРИ – ДОНАТОРИ КОИ ПРИДОНЕСОА ВО СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД -19 | | |
|---|---|---|
| Клучни партнери | КОВИД-19 парична поддршка во МКД | Поддршка наменета за |
| МКЦК | 2,276,261.00 | Заштитна опрема, поддршка за мигранти, и др. |
| Меѓународна Федерација на ЦК/ЦП | 37,833,739.00 | Заштитна опрема, WASH. ППП, хуманитарна помош, превентивни активности, и др. |
| Австриски Црвен крст | 611,428.00 | Заштитна опрема и средства за дезинфекција |
| Швајцарски Црвен крст | 1,501,393.00 | Лична заштитна опрема |
| Германски Црвен крст | 1,845,000.00 | Поддршка на мобилните тимови на Црвен крст, општа популација |
| Турска Црвена полумесечина | Заштитна опрема во вредност од 1,726,035.63 | Заштитни маски и ракавици, заштитни наочари, визири |
| УСАИД | 18.801.284,00 | Униформи за мобилните тимови, пакети со храна и хигиена, заштитна опрема, јакнење на капацитети на НД од областа на ПСП и ППП |
| Пивара Ад Скопје | 368,700.00 | Поддршка за мобилните тимови на Црвениот крст |
| Град Скопје и општини во Скопје | 368,700.00 | Поддршка за мобилните тимови на Црвениот крст |
| Државна лотарија | 700,000.00 | Поддршка за лицата во трето доба |
| ФООМ | 6,700,000.00 | Поддршка на Ромско ранливо население со пакети храна и хигиена |
| Фондација Кока Кола | 5,630,000.00 | Поддршка за мобилните тимови на Црвениот крст |
| Швајцарска амбасада | 228,000.00 | Поддршка за мигрантите |
| Француска амбасада | 307,250.00 | Пакети храна за социјално загрозени лица |
| Швајцарски Црвен крст | 2,052,000.00 | Поддршка за мигранти и програми за рано опоравување на лица во трето доба |
| UNHCR | 1,782,050.00 | Поддршка за мигранти |
| Црквата на Исус Христос и светците од подоцнежните дни | 821,600.00 | Поддршка на мигрантите и бегалците |
| UNICEF | 8,805,600.00 | Поддршка на институциите кои згрижуваат деца |
| Тобако Империал | 1,000,000.00 | Поддршка во пакети со храна и хигиена за социјално ранливо население |
| Фондација Отворено општество Македонија | 15,400,000.00 | Поддршка на Ромско ранливо население со пакети храна и хигиена |
| КАМ маркети | 2,277,620.00 | Поддршка на ранливо население |
| Business & Strategies Europe- B&S Europe | 1,538,932.00 | Градење капацитети |
| МТСП/Светска банка | 585,700.00 | Поддршка со сликовници за деца |
| Американска амбасада | 572,197.00 | Поддршка со опрема |

# КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ НА НД ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19

Од почетокот на кризата па се до завршување на вонредната состојба сите традиционални активности на Црвениот крст беа во мирување, освен крводарителството и целиот капацитет беше пренасочен за одговор на КОВИД-19. Сите услуги на Црвениот крст беа прилагодени според препораките и протоколите на владата.

Предизвиците со кои се соочи националното друштво при спроведување на традиционалните активности за време на КОВИД -19 пандемијата се поделени во 3 главни групи:

- предизвици при спроведување на обуките по прва помош,
- предизвици при спроведување на крводарителски акции
- предизвици при одбележување на традиционалните недели и ПХВ-ЦКА активности.

## *Предизвици и превземени активности при спроведување на обуките по прва помош*

Со прогласување на вонредната состојба во Р. Северна Македонија Општинските организации и Црвениот крст на град Скопје, согласно препораките од Владата на РСМ, во периодот од 13 март до 13 мај 2020, ги прекинаа сите активности каде се предвидени јавни собири, и со тоа и курсевите по прва помош за возачи и работни организации беа прекинати. Од 13 мај со олабавување на мерките на Владата, курсевите по прва помош продолжија со континуирано спроведување согласно Стандардните мерки за контрола и превенција од КОВИД- 19 кои беа изработени од ЦКРСМ според препораките дадени од Министерство за здравство.

Пред започнување на обуките воведено е задолжително пополнување на анкетен прашалник за скрининг и мерење на температура на кандидатите, предавачите и демонстраторите. Курсната настава по прва помош во почетокот се спроведуваше во мали групи (максимум до 10 кандидати). За време на курсната настава задолжително е одржување на социјална дистанца од 2 метри, носење на заштитна опрема (маска и ракавици) за кандидатите и (скафандери, маски, визири, ракавици) за предавачите и демонстраторите. Просториите во кои се спроведуваат обуките по прва помош како и показните средства се дезинфицираат пред за време и после секоја курсна настава.

Воведувањето на задолжителните протоколи доведе до измени на начинот на одржување на курсните настави по прва помош. Имено на една курсна настава максималниот број на кандидати беше ограничен на 10-11, поради што се намали планираниот и очекуван број на одржани курсни настави и број на обучени кандидати. Со намалување на рестрикциите на Владата бројката се зголеми до максимум 15 учесници зависно од големината на просторот и можноста за одржување на социјална дистанца.

Во табела 8. направена е компарација на број на одржани курсеви по прва помош и број на оспособени кандидати за периодот 01.01.2019/2020 - 31.08.2019/2020.

**ТАБЕЛА 4. КОМПАРАЦИЈА НА БРОЈ НА ОДРЖАНИ КУРСЕВИ ПО ПРВА ПОМОШ И БРОЈ НА ОСПОСОБЕНИ КАНДИДАТИ 01.01.2019/2020-31.12.2019/2020**

| Вид на курс | Број на релизирани курсеви 2019 | Број на релизирани курсеви 2020 | Број на оспособени кандидати 2019 | Број на оспособени кандидати 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **Прва помош за возачи** | **1093** | **1221** | **14915** | **14155** |
| **Прва помош за РО - основен** | **69** | **57** | **457** | **195** |
| **Прва помош за РО – напреден 1** | **24** | **10** | **146** | **70** |

Од податоците во Табела 4. може да видиме дека во 2019 год. ЦКРСМ има оспособено 760 кандидати за возачи на моторни возила повеќе од 2020 година, но притоа интерес е податокот што во 2020 година реализирани се 128 курсеви повеќе по прва помош за возачи споредбено со 2019 година за истиот период (01.01.2019/2020-31.12.2019/2020). Оваа разлика е настаната поради воведувањето на протоколи за работа и ограничување на бројот на кандидатите за курсевите согласно мерките на владата.

Доколку направиме споредба на бројот на реализирани курсеви за работни организации - основен курс, може да забележиме дека во 2020 год. се реализирани 12 курсеви и оспособени 262 кандидати помалку во однос на 2019 год. Исто така забележано е и намалување на бројот на курсевите по прва помош за работни организации – напреден 1, во 2020 година се реализирани 14 курсеви и оспособено 76 кандидати помалку споредбено со 2019 година.

Во однос на предизвиците со кој се соочија ООЦК и ЦКГС се однесуваа главно на ограничување на бројот на кандидати, просторно обезбедување на соодветно растојание зголемен трошок во однос на потребите за дезинфекција на просторот, кандидатите и показните средства.



## *Предизвици и превземени активности при спроведување на крводарителските акции*

Со почетокот на пандемијата со КОВИД-19, крводарителските акции во сите ООЦК и ЦКГС продолжија да се одвива непречено, но со одредени промени и со поставување на протоколи кои задолжително се почитуваат како од страна на одговорните лица од Институтот за трансфузиона медицина, така и од лицата од Црвениот крст и од самите крводарителите. Процесот на истакнување на значењето на самиот чин на крводарување, воспоставените протоколи како и промоциите на сите крводарителски акции и настани поврзани со крводарителството, се одвиваа онлајн. Во овој период, користени беа иновативни алатки за информирање и привлекување на крводарителите, но секако и за здржување на постојните дарители. Однапред беше спроведена поделба на потенцијалните дарители по часови, со што се избегна собирање на група крводарители.

Секој крводарител при прегледот и при чинот на дарување крв задолжително носи маска. Покрај задолжителниот лекарски преглед и прашалник пред чинот на дарување, според новите протоколи лекарот мери телесна температура и се пополнува дополнителен прашалник кој дава скрининг за состојбата на дарителот во однос на неговата изложеност на КОВИД-19. Во однос на хигиенските мерки, просторијата зачестено се дезинфицира, проветрува, а поставени се и дополнителни средства за дезинфекција на чевлите.

- На 12 март 2020 година е одржан координативен состанок на носителите на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во РСМ, Црвен крст на РСМ, ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина и Министерство за здравство на кој се донесени заклучоци и препораки за дејствување во вонредни ситуации за справување со пандемијата и организирање на крводарителски активности. Истите се испратени до сите ООЦК и служби за трансфузиона медицина СТМ.
- На 07 април 2020 година, беше донесен заклучок да се организираат неколку вонредни акции со припадници на АРСМ и со припадници на полицијата. Беа организирани три вонредни крводарителски акции со припадници на АРСМ во касарните во Кичево, Прилеп и Велес и една крводарителска акција во касарната во Ѓорче Петров со припадници на Единицата за брзо распоредување (ЕБР).
- Во соработка со студентските организации и ректоратите на Државните универзитети во Скопје, Битола, Штип и Тетово во месец мај
- Во периодот од месец мај и прва половина на месец јуни 2020 година е организирана студентска кампања за дарување на крв и се мобилизираа средношколците од Скопје и од други градови во државата за дарување на крв.
- По повод 14 јуни – Светскиот ден на крводарителството, се одржа Вториот Форум за доброволно крводарителство каде беа обработени две теми :
  1. “Контрола и превенција на КОВИД 19 и улогата на Црвениот крст во справување со организација на активности за крводарителство во кризни состојби и епидемии”;
  2. “Крводарување во време на КОВИД 19”.

Беа донесени следните заклучоци :

- *да се подготви тематска содржина за “Крводарителство во кризни состојби и епидемии” и истата да биде составен дел на Стратегијата за доброволно крводарителство за период 2020-2025 година,*
- *да се изготви платформа за одржување на онлајн обуки за мотиватори за доброволно крводарителство.*

Сите превземени мерки и активности за време на пандемијата КОВИД-19 дадоа резултати. Резервите со крв и крвни продукти во РСМ беа на задоволително ниво.

Во Табела 5. направена е компарација на број на обезбедени единици крв од крводарителски акции за периодот 01.01.2019/2020-31.12.2019/2020.



**ТАБЕЛА 5. КОМПАРАЦИЈА НА БРОЈ НА ОБЕЗБЕДЕНИ ЕДИНИЦИ КРВ ОД КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2019/2020-31.12.2019/2020**

| Година | Релизирани единици крв |
|---|---|
| 2019 | 55432 |
| 2020 | 46746 |

# *Предизвици и преземени активности при одбележување на традиционалните недели и ЦКА-ПХВ активности*

## Традиционални недели и денови

Со воведување на рестриктивните мерки од страна на Владата на РСМ за прекин на сите активности поврзани со собир на граѓани, одбележувањето на традиционални недели и денови на ЦКРСМ со физичко присуство беа целосно прекинати се до намалување на рестриктивните мерки и воведување на протоколи за спроведување на курсеви, обуки и едукации.

ЦКРСМ уште од самиот почеток го прилагоди начинот на одбележување на традиционални недели и денови. За време на вонредната состојба, 17 март денот на основање на Црвен крст на Р. Северна Македонија и крводарителството, 24 март ден на борба против ТБЦ, 8-15 април Недела на хигиенизација беа одбележени преку онлајн работилници и објавување на постери, натписи, флаери и останати едукативни материјали на веб страните на сите ООЦК и ЦКГС и социјалните мрежи. Во овој период дојде до израз креативноста на волонтерите во дизајнирање на постери, презентации, видеа кои преку социјалните мрежи беа лесно достапни до населението низ целата држава и пошироко. Ова искуство ни овозможи да ги стандардизираме и постепено унапредуваме онлајн едукациите со теми кои се составен дел од работата на Црвениот крст.

Со намалување на рестриктивните мерки од страна на Владата, ООЦК и ЦКГС традиционалните недели и денови започнаа да ги одбележуваат согласно протоколите за спроведување на курсеви, обуки и едукации. Беа реализирани едукативни предавања и работилници за превенција од ТБЦ, правилно и навремено пружање на прва помош во време на КОВИД-19, грижа и помош на лица во трето доба итн. спроведени во општинските организации согласно безбедносните мерки и протоколите, и преку онлајн едукации за истите теми. За одбележување на традиционалните недели и денови волонтерите опремени со целосна лична заштита (маски, ракавици, визири) и со задолжително одржување на социјална дистанца делеа флаери, брошури и др. информативни материјали.

## ЦКА-ПХВ активности

Пандемијата донесе промени, реорганизација, но и стопирање на дел од редовните активности на Црвен крст, односно нивно минимизирање со цел заштита на здравјето на нашите волонтери и целата заедница. Истото се одрази и на ЦКА-ПХВ програмата, која е комплексен систем и има свој почеток и временска рамка за имплементација во текот на целата година. Преку програмата, младите се поттикнати да ја инволвираат целата заедница преку и во своите активности, за кои бараме да бидат видливи и масовни. За зачувување здравјето на нашите волонтери и на целата заедница и истовремено почитување на протоколите и мерките донесени од страна на Владата на нашата земја, РО на ЦКРСМ во месец мај донесе одлука за прекинување на ЦКА-ПХВ циклусот за 2020 година.

Во таа насока ООЦК и ЦКГС преку Клубот на млади презеде алтернативни пристапи и активности за понатамошно вклучување на младинците од ЦКА-ПХВ циклусот во Клубот на млади.

- Најпрво сите младинци вклучени во имплементација на ЦКА-ПХВ беа информирани за причините за прекинување на активности вклучувајќи ја и изработката и имплементацијата на микро проектите.
- За да се задржи нивниот интерес и ангажман им беа понудени и

се реализраа алтернативни активности кои беа во согласност со заштитните мерки и протоколи. На тој начин беа реализирани онлајн активности и тоа: конкурс на творби, дневни предизвици во домашни услови, формални и неформални онлајн средби и состаноци, волонтирање во Општинските организации на Црвен крст и ЦКГС во мали групи од 3 до 5 волонтери.

Во насока на подготовки за одбележување на ПХВ-ЦКА неделата, беа одржани редовни онлајн состаноци со Клубот на млади со цел да ја реализираме овогодинешната тема -изработка на песна од страна на младите. Неделата на ПХВ-ЦКА во онлајн формат се одбележа во периодот од 21 до 27 септември. Вкупно беа снимени 26 песни од страна на 26 ООЦК и Црвен крст на град Скопје. Секоја песна има повеќе од 1.000 прегледи што значи дека околу 30.000 лица ги слушнаа позитивните пораки за другарство, соживот, добрина на младите волонтери за време на пандемијата.



# РЕЗУЛТАТИ
# ОД АНАЛИЗА НА АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ

## АНАЛИЗА НА АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДГОВОРОТ НА НД ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА (МАРТ- МАЈ 2020 )

Во месец мај 2020 година беше спроведен наменски креиран прашалник од страна на Централната канцеларија на ЦКРСМ со цел да се евалуира одговорот на Националното друштво за време на  вонредната состојба во државата за периодот март- мај 2020 г.

Анкетниот прашалник го пополнија вкупно 30 ООЦК, ЦКГС и Централната канцеларијана ЦКРСМ.

Анализата на анкетниот прашалник е поделена во 5 секции преку кои беа опфатени повеќе области поврзани со делување во вонредни ситуации.

**Првиот дел** ја опфати комуникацијата и координацијата на ООЦК/ ЦКГС со централна канцеларија (ЦК), Оперативен центар (ОЦ) и институции (владини и невладини) за време на вонредната ситуација.




**1** - Воопшто не се согласувам **2** - Не се согласувам потполно **3** - Делумно се согласувам
**4** - Прилично се согласувам **5** - Целосно се согласувам

Од добиените информации може да се забележи дека скоро 59% од испитаниците сметаат дека насоките добиени од ЦК и ОЦ биле навремени и соодветни сепак најголем дел од ООЦК/ ЦКГС односно 68% имале предизвици при имплементација на добиените насоки од ЦК и ОЦ.




**1** - Воопшто не се согласувам **2** - Не се согласувам потполно **3** - Делумно се согласувам
**4** - Прилично се согласувам **5** - Целосно се согласувам

Вкупно 75% од ООЦК и ЦКГС сметаат дека нивните препораките биле земени во предвид од страна на ЦК/ОЦ при донесување на одлуките, што укажува на транспарентност и отвореност во процесите на донесување на одлуки. Меѓутоа доколку се земат во предвид одговорите на претходното прашање може да се забележи дека се појавиле потешкотии во реализација на насоките на терен што во иднина мора да резултира со неопходна промена во начинот на комуникација меѓу ОЦ /ЦК и ООЦК/ЦКГС.

Во однос на насоките добиени владините институции, 79% од ООЦК/ЦКГС сметаат дека процесите биле транспаренти и партиципативни, односно нивните предлози и препораки биле земени во предвид. Воедно податоците укажуваат на тоа дека добиените насоки од институциите соодветствувале со моменталните потреби на терен и биле во согласност со насоките добиените од ОЦ и ЦК.

Од анализата на комуникацијата која опфаќа соработката со другите невладини организации, ООЦК/ЦКГС изјавија дека имале одлична соработка и дека другите граѓански организации не им претставувале пречка во имплементација на активностите.

Во однос на комуникацијата на ООЦК/ЦКГС со ЦК/ОЦ се наведува дека имало премногу анкетни прашалници во овој период и дека има потреба од користење на онлајн платформа за подобра и поефикасна комуникација.

**Вториот дел** беше фокусиран на видови на услуги и сервиси за времетраење на вонредната ситуација со КОВИД-19.

Од аспект на услуги, сите испитаници се сложуваат дека услугите и сервисите кои ги обезбедиле во вонредната ситуација беа ефикасни и соодветни на потребите на локално ниво и дека насоките и предлозите добиени од ОЦ и ЦК беа соодветни и апликативни во нивната локална заедница.

На прашањето ***Дали се појавија проблеми и потешкотии при обезбедување на услугите и сервисите во локалната заедница ?*** повеќе од 40% од испитаниците изјавиле дека се соочиле со проблеми при обезбедување на услугите, само 30% од вкупниот број изјавиле дека немале проблеми при обезбедување на услугите на терен.

Голем дел од испитаниците изјавија дека има потреба од проширување на услугите и поголем фокус на лица во трето доба, заштита на теренските работници, соработка со матични доктори, формирање на соодветна и точна дата база и повеќе пакети со храна.

Горе добиените податоци од анализата, резултираа со воведување на нов пристап за дејствување на терен со цел задоволување на потребите на корисниците кои беа преземени во насока на:

- Воспоставување на комуникација со матични лекари и преземање на хронична терапија за пациентите (особено инсулинска терапија),
- Дополнителен ангажман за лица во трето доба (спроведена кампања за заштита од КОВИД-19 на лицата во трето доба и почеста дистрибуција на маски дезинфекциони средства, воведување на ПСП линија само за лица во трета доба, како и обезбедување на пакети со храна и хигиена на истата целна група).
- Дополнителна проценка во сите ООЦК и ЦКГС за потребите на населението за пакети со храна и хигиена.

**Третиот дел** од анкетниот прашалник - управување со човечки ресурси во време на вонредна ситуација КОВИД-19.

На клучното прашање од овој сегмент ***Дали се соочивте со недостаток на човечки ресурси за справување со вонредна ситуација?*** само 24% одговориле дека се соочиле со недостаток на човечки ресурси, додека останатите 76% немале ваков проблем, што укажува дека ООЦК и ЦКГС успешно се справиле со потенцијалниот недостиг на човечки ресурси.

На прашањето ***Дали се соочивте со одреден безбедносен ризик?*** повеќе од 55% од испитаниците одговорија дека се соочиле со одреден безбедносен ризик. Согласно добиените податоци од ова прашање НД презеде брзи и навремени механизми за за поголема безбедност на сите членови кои дејствуваа на терен.

**Четвртиот дел** - видови на финансирање во вонредна ситуација.

На прашањето ***Дали имавте обезбедено поддршка од различни донатори на локално ниво?*** -повеќе од 87% од испитаниците одговориле позитивно,од кои најголем дел добиле хуманитарна помош во вид на пакети и заштитна опрема.

Мобилизирање на фондови во ООЦК/ЦКС се вршеше на најразлични начини: преку отворени повици за донации, соработка со бизнис секторот, соработка со локалната самоуправа, од граѓаните и слично.




На прашањето ***Каков вид на поддршка Ви е потребно од страна на централната канцеларија при мобилизирање на фондови?***- голем дел од испитаниците одговориле дека имаат потреба од додатна финансиска поддршка, едукација за мобилизирање на фондови, консултантски услуги, обуки и проектна поддршка.

**Петтиот дел** беше фокусиран на информирање




Во однос на начинот за подигање на јавната свест за заштита и превенција од КОВИД-19 на населението, 78.8 % од ООЦК/ЦКГС користеле социјални мрежи, 9.1% флаери и друг печатен материјал, 3% преку онлајн едукација и веб страна на организацијата и 6% користеле други извори. Од добиените податоци може да заклучиме дека најчест пристап за едукација на населението за превенција од КОВИД-19 биле социјалните мрежи, додека веб страната на организацијата и онлајн обуките биле застапени само во 3% што укажува на потребата од поголемо активирање на овие извори за информирање.

| ТАБЕЛА 6. БРОЈ НА СПОДЕЛЕНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА КОВИД 19<br>ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК МАРТ - ДЕКЕМВРИ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Гостувања во медиуми | Изјави за медиуми | Веб страна ЦКРСМ/ЦКГС/ ООЦК | Фејсбук страна ЦКРСМ/ЦКГС/ ООЦК | Инстаграм страна ЦКРСМ/ЦКГС/ ООЦК |
| 75 | 223 | 189 | 1247 | 943 |

# АНАЛИЗА НА СТРЕС ТЕСТ ПРАШАЛНИКОТ

Прашалникот беше дизајниран со цел да се добие брза евалуација на нивото на стрес на волонтерите и вработени вклучени во одговор при настанатата ситуација КОВИД 19.

Прашалникот е пополнет од 127 лица од 25 ООЦК/ЦКГС и Централна канцеларија на ЦКРСМ.

Прашањата од стрес тестот се дизајнирани од страна на обучени психолози за одредување на нивото на стрес и проценка на потребата од психосоцијална поддршка на вработените и волонтерите на ЦКРСМ за време на КОВИД -19

**Нивоа на стрес:**

Ниво 1 - Вашето ниво на стрес е нормално.

Ниво 2 - Вашето ниво на стрес е над нормалното.

Ниво 3 - Вие доживувате високо ниво на стрес.

Ниво 4 - Вие може да сте под тежок стрес.

**Од вкупно 127 испитаници:**

- 42 испитаници покажаа нормално ниво на стрес ( ниво 1),
- 56 испитаници имаа ниво на стрес кое над нормалните вредности ( ниво 2),
- 13 испитаници имаат доживеано високо ниво на стрес ( ниво 3),
- 16 испитаници доживеале тежок стрес (ниво 4) при извршување на активности за време на КОВИД – 19.

Генералното ниво на стрес на вработените и волонтерите од ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК е на Ниво 2 - ниво на стрес кое е над нормалното, што укажува на тоа дека волонтерите и вработените се соочуваат со одредени знаци на стрес при спроведување на активностите за време на КОВИД-19 пандемијата.

Во дел од ООЦК, ЦКГС и ЦКРСМ поточно кај 16 испитаници е забележана појава на ниво 4 – поточно ниво на тежок стрес.

# АНАЛИЗА НА АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА ВОЛОНТЕРИТЕ, НАДВОРЕШНИ ПАРТНЕРИ, ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ И КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИТЕ НА ЦКРСМ ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД -19

## *Анкетен прашалник - Задоволство на корисниците од услугите на ЦКРСМ за време на КОВИД -19*

Вкупно 182 корисници го пополнија анкетниот прашалник наменет за одредување на задоволство на корисници на услугите на ЦКРСМ во време на КОВИД -19.

**Првиот дел** беше наменет за добивање на информација за тоа кои се најчестите услуги кои корисниците ги добиваат од ЦКРСМ и на кој начин се информирале за услугите кои ги нуди НД за време на КОВИД-19.




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

Според податоците добиени од првиот дел од анкетниот прашалник може да заклучиме дека од вкупно 182 испитаници, 79 испитаника добиле испорака на хуманитарна помош за лица во самоизолација, 52 испитаника ја користеле телефонската линија за достава и набавка на прехранбени и хигиенски производи и 47 испитаника добиле испорака на прехранбени и хигиенски производи за социјално загрозените лице и последователно ова се најчестите услуги кои ги добија корисниците од страна на ЦКРСМ во време на КОВИД -19.




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

Во однос на изворот на добивање на информација за услугите кои ги нуди ЦКРСМ од вкупно 182 испитаника, најмногу од нив односно 64 испитаника информациите ги имаат добиено од пријатели, соработници и роднини, 60 од волонтерите на ЦКРСМ, 49 од социјалните медиуми и 43 од ТВ медиуми.

Од добиените податоци може да заклучиме дека населението на Р. Северна Македонија е запознаено со услугите кои ги нуди ЦКРСМ и тоа препораките од пријател, соработник или волонтер се најчеститиот начин на кој што корисниците се имаат имаат информирано за услугите на ЦКРСМ за време на КОВИД 19.

Од овие податоци исто така може да дојдеме и до заклучок дека треба да се насочиме кон уште поголемо зајакнување на капацитетите на волонтерите, кои се важни промотери на ЦКРСМ и поголема активација на социјалните медиуми, ТВ и радио медиумите во промовирање на услугите, активностите, мисијата и визијата на Националното друштво.

**Вториот дел** од анкетниот прашалник е наменет за одредување на задоволство на корисниците на услугите кои ги нуди ЦКРСМ во време на КОВИД 19.

Според податоците добиени од вториот дел од анкетниот прашалник:

- 91,7% од корисниците потврдуваат дека волонтерите доаѓаат со заштитна опрема за превенција на КОВИД -19.
- 90% од корисниците ја потврдија точната и навремена испорака на услугите кои ги пружа ЦКРСМ во време на КОВИД-19,
- 92 % од корисниците сметаат дека волонтерите на ЦКРСМ се љубезни и се однесуваат со почит кон нив.
- 90% од корисниците повторно би ги користеле услугите на ЦКРСМ, додека 83.5 % од нив се изјаснија дека услугите кои ги добија од ЦКРСМ во време на КОВИД - 19 направија промена во нивниот живот на подобро.

**Услугата на ЦКРСМ направи промена во мојот живот на подобро за време на КОВИД 19 (182)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

**Општо колку сте задоволни од услугата?** (заокружете од 1= многу задоволен до 5= воопшто не сум задоволен) **(182)**




***1*** - Целосно се согласувам ***2*** - Прилично се согласувам ***3*** - Делумно се согласувам
***4*** - Не се согласувам потполно ***5*** - Воопшто не се согласувам

**Повторно би ги користел/а услугите на ЦКРСМ (182)**




***1*** - Целосно се согласувам ***2*** - Прилично се согласувам ***3*** - Делумно се согласувам
***4*** - Не се согласувам потполно ***5*** - Воопшто не се согласувам

Од добиените податоци од вториот дел на анкетниот прашалник може да констатираме дека корисниците се воглавно задоволни од целокупната услуга што ја спроведува ЦКРСМ во време на КОВИД -19. Иако 91,7% од испитаниците потврдиле дека волонтерите носат заштитна опрема, сепак 8,2% од нив не се согласуваат со таа констатација. Со оглед на фактот дека ЦКРСМ како организација има клучна улога во државата во справување со кризни ситуации мора да биде 100% - на во делот на превенција од КОВИД -19. Овие податоци укажуваат на потребата од обезбедување на заштитна опрема и освежителни едукации за превенција од КОВИД -19 за секој волонтер на ЦКРСМ.

Во однос на препораките и предлозите кои беа дадени со цел подобрување на понатамошната соработка, многу од корисниците изразија голема благодарност и ја поздравија идејата на ЦКРСМ за спроведување на активности за помош и поддршка на ранливото население во време на КОВИД-19. Беа дадени предлози за наградување на волонтерите кои учествуваа во активностите, со искрена желба за понатамошно продолжување на овие активности кои им беа од посебно значење во најтешкиот период од кризата со КОВИД -19 во нашата држава. Дадени се сугестии за продолжување на активностите за поддршка и помош на стари и изнемоштени лица и да се продолжи со делењето на хуманитарни пакети за храна и хигиена на лицата кои имаат потреба. На дел од корисниците ова им беше прво искуство и соработка со Црвен крст и беа пријатно изненаден од услуга и посветеност на НД.

# *Анкетен прашалник - Задоволство на надворешни партнери од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД - 19*

Од вкупно 32 надворешни партнери кои го потполнија анкетниот прашалник на 37,5 % ова им е прва соработка со ЦКРСМ, додека 62,5 % од нив веќе имаат соработувано со НД.

Во однос на нивното задоволството од целокупната соработка: 90.6% од надворешните партнери беа задоволни од соработката и потврдија дека ЦКРСМ се придржуваше до зададената временска рамка за извршување на предвидените активноста од договорот, 87.5% се задоволни од подготвената документација за превземените активности, 78,8 се задоволни со промоцијата која ЦКРСМ ја направи за нивната организација, 93.8% од потврдија дека ЦКРСМ успешно ги изврши предвидените активности од договорот, 90% од нив повторно би соработувале со НД.




**Повторно би соработувале со ЦКРСМ (32)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

**Општо колку сте задоволен од соработката?** (заокружете од 1= многу задоволен до 5 = воопшто не сум задоволен) **(32)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

Од добиените податоци може да констатираме дека ЦКРСМ при спроведување на активностите во време на КОВИД – 19 има воспоставено успешна соработка со надворешните партнери, со 90,6 % задоволство. Во иднина, за време на мирнодобски услови, НД треба да продолжи да ги зајакнува внатрешните човечки капаците со цел да го задржи трендот на навремено запазување на временската рамка, успешна подготовка на проектна документација и евалуација за превземените активности од предвидениот план за работа и промоција на партнерите.

Во однос на препораките и предлозите кои беа дадени од надворешните партнери со цел подобрување на понатамошната соработка истите беа во насока на подобра обострана координација и комуникација при изработка на проектните активности, споделување и заедничко разгледување на нови идеи за подобра соработка и дигитална комуникација и промоција (ZOOM состаноци, FB, Instagram, Linkedin постови и слично). Најголем дел од партнерите изразија желба за понатамошна и уште поголема соработка со ЦКРСМ преку размена на искуства и знаења. Некои од нив имаа пофалби за координираноста, точноста и навременото извршување на услугите за граѓаните. Исто така дадена е и сугестија за почеста соработка независно дали се работи за кризна ситуација или не.

## *Анкетен прашалник - Задоволство на владини институции од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД 19*

Според податоците добиени од анкетниот прашалник, од вкупно 30 владини институции кои го потполнија прашалник 93.3% од анкетираните институции се задоволни од целокупната соработка. 86.7% потврдија дека ЦКРСМ успешно ги изврши предвидените активности согласно планираниот договор, 90% од нив повторно би соработувале со ЦКРСМ, се задоволни со координацијата и комуникацијата и сметаат дека соработката со НД даде придонес во одговорот за справување со КОВИД – 19 во државата.

Од добиените податоци може да констатираме дека ЦКРСМ при спроведување на активностите во време на КОВИД – 19 има воспоставено успешна соработка со владините институции, со 93,3 % задоволство. Во иднина, за време на мирнодобски услови, НД треба да продолжи да ги зајакнува и да ги гради релациите со владините институции со цел подобар заеднички одговор при справување со кризни ситуации.

**Соработката со ЦКРСМ даде придонес во одговорот за справување со КОВИД 19 (30)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

**Повторно би соработувале со ЦКРСМ (30)**




***1*** - Целосно се согласувам ***2*** - Прилично се согласувам ***3*** - Делумно се согласувам
***4*** - Не се согласувам потполно ***5*** - Воопшто не се согласувам

**Општо колку сте задоволни од соработката? (заокружете од 1= многу задоволен до 5 = воопшто не сум задоволен) (30)**




***1*** - Целосно се согласувам ***2*** - Прилично се согласувам ***3*** - Делумно се согласувам
***4*** - Не се согласувам потполно ***5*** - Воопшто не се согласувам

Голем дел од владините институции (93,3%) беа задоволни од соработката со ЦКРСМ со желба за продолжување и интензивирање на меѓусебната комуникација и понатамошна надградба на меѓусебната соработка.

Во однос на препораките и предлозите кои беа дадени од владините институции, нивните сугестии и забелешки беа насочени кон:

- Јакнење на капацитетите со зголемување на материјалните средства за оперативни активности (заштитна опрема, дезинфекциски средства, моторни возила) за подобар заеднички одговор во заедницата како и дополнителни човечки ресурси;
- Продолжување на активностите за подигање на јавната свест меѓу населението за спречување на КОВИД-19;
- Воспоставување на добри локални капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи и кризни состојби и зголемување на бројот на даватели на услуги во повеќе општини.
- Поддршка на нови програми и проекти кои го унапредуваат здравјето на населението (поддршка за функционирање на брза помош) збогатување на формите на општествено вклучување на пензионерите имајќи ги во предвид нивните посебните афинитети и интереси,
- Зголемување на опсегот на социјални услуги за населението
- Подготовка на добар и прецизен план пред да се започнување со ваков вид на соработка, за да може да се запазат претходно одредените рокови.

# *Анкетен прашалник - Задоволство на волонтерите на Црвен крст на РСМ при спроведување на активности за време на Ковид -19*

Анкетниот прашалник беше поделен на две основни компоненти. Првата се состоеше од 3 прашања кои повеќе беа информативни и преку кои се добија информации за структурата на волонтерите кои беа дел од системот на националното друштво за полесно справување со КОВИД-19. Додека вториот дел од прашалникот беше насочен кон одредување на задоволството на волонтерите вклучени во одговорот за КОВИД-19 и добивање на препораки кои ќе се искористат за јакнење на капацитетите на НД. Вкупно 124 волонтери од сите ООЦК и ЦКГС кои дејствуваат на терен одговорија на прашалникот.

## Прв дел од анкетниот прашалник

На првото прашање ***Колку време сте волонтер во Црвениот крст?***, 21 испитаник одговорил помалку од 1 година, 38 испитаници одговориле повеќе од 1 година, 43 испитаници одговориле повеќе од 5 години и 22 испитаници одговориле повеќе од 10 години. Самите препораки на НД беа дека волонтерите треба да имаат одредено искуство како би можеле да се вклучат во теренските активности за време на КОВИД-19. Ако се видат бројките сумарно и низ проценти, 65.3% имаат искуство повеќе од 1 година што значи дека препораките беа следени и практикувани.




На второто прашање, ***Дали е ова ваше прво вклучување во справување со катастрофите или имате претходно искуство (со поплави, мигрантска криза...)?***, 61.3% од волонтери одговориле дека ова е нивно прво искуство во областа на катастрофите. Од првото и второто прашање може да се заклучи дека за теренските активности во време на КОВИД-19 беа вклучени волонтери кои веќе одредено време волонтираат во организацијата, но дека немале искуство во делот со справување со кризни ситуации.



На третото прашање, Дали имате претходна едукација за тоа како правилно да се заштитите од КОВИД 19 при извршување на теренските активности?, 83.9% од волонтерите одговориле дека добиле едукација додека 16.1% не добиле претходна едукација за правилна заштита од КОВИД19.




## Втор дел од анкетниот прашалник

Според податоците добиени од вториот дел од анкетниот прашалник за одредување на задоволството на волонтерите ангажирани за спроведување на теренските активности за време на КОВИД - 19, може да констатираме дека:

- 79.8% од анкетираните волонтери биле обезбедени со соодветна униформа и заштитна опрема за сите преземени активности за време на КОВИД- 19.




42.7% од анкетираните волонтери чувствувале страв, 25.8% делумно чувствувале страв додека 21% и 10.5% од испитаници последователно имале мала доза или воопшто не чувствувале страв за својата безбедност и безбедноста на своето семејство при спроведување на КОВИД-19 активностите.



**ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК ми обезбеди прва психолошка помош и поддршка во текот на целокупниот арганжман (124)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

- 84.8% од анкетираните волонтери повторно би волонтирале во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

**Повторно би волонтирал/а во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК (124)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

- 88,7% од анкетираните волонтери се задоволни од соработката, со ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

**Општо колку сте задоволни од соработката со ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК**
**(заокружете од 1= многу задоволен до 5 = воопшто не сум задоволен) (124)**




**1** - Целосно се согласувам **2** - Прилично се согласувам **3** - Делумно се согласувам
**4** - Не се согласувам потполно **5** - Воопшто не се согласувам

Во однос на препораките и предлозите кои беа дадени од волонтерите со цел подобрување на понатамошната соработка со НД беа во насока на:

- Потреба од резервни униформи како би можеле редовно да се менуваат и да се одржува хигиената;
- Поголема координираност со МТСП и добивање на списоци на лицата кои треба да добијат хуманитарна помош со адресите каде вистински престојуваат корисниците со цел поголема ефикасност на терен од страна на волонтерите;
- Обезбедување со возила за помалите ООЦК кои немаат возило, како би можеле и тие да бидат ефикасни на терен;
- Поголемиот дел од коментарите се позитивни, волонтерите се задоволни од волонтирањето, голем дел од нив се изјаснија дека е прекрасно кога си хуман, и изразија благодарност за можноста да бидат дел од мобилните тимови на ЦКРСМ
- Од целиот прашалник може да се заклучи дека волонтерите кои биле вклучени во активностите преку мобилните тимови за спроведување со КОВИД-19 пандемијата, во голем процент се задоволни (88.7%) од страна на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК и имаат желба да продолжат со својот волонтерски ангажман (84.8%).



# ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА НА АНКЕТНИ ПРАШАЛНИЦИ:

## *Комуникацијата и координацијата на ООЦК и ЦКГС со централна канцеларија (ЦК), Оперативен центар (ОЦ) и институции за време на вонредната ситуација.*

- 59% од ООЦК и ЦКГС сметаат дека насоките добиени од ЦК и ОЦ биле навремени и соодветни,
- 68% имале предизвици при имплементација на добиените насоки од ЦК и ОЦ,
- сите ООЦК и ЦКГС имале одлична соработка со владини институции и невладини организации,
- дадена е општа препорака за потреба од користење на онлајн платформа и софтвер за подобра и поефикасна комуникација.

## *Услуги и сервиси за време на вонредната ситуација КОВИД - 19*

- услугите и сервисите кои се обезбедени од страна на ООЦК/ЦКГС во вонредната ситуација беа ефикасни и соодветни на потребите на локално ниво и насоките и предлозите добиени од ОЦ и ЦК беа соодветни и апликативни во локалната заедница,
- помалите ООЦК имаат потреба од набавка на возила,
- има потреба од проширување на услугите со поголем фокус на лица во трето доба, заштита на теренските работници, соработка со матични доктори, формирање на соодветна и точна дата база и обезбедување на повеќе пакети со храна.

## *Управување со човечки ресурси*

- 24% од ООЦК/ЦКГС се соочиле со недостаток на човечки ресурси, додека останатите 76% немале ваков проблем,
- 55% од волонтерите и вработените се соочиле со одреден безбедносен ризик при спроведување на активностите за време на КОВИД-19,
- 75% од ООЦК/ЦКГС изјавиле дека не им се потребни дополнителни волонтери за спроведување на активностите за КОВИД-19.

## *Финансирање за време на вонредната ситуација*

- 87% обезбедиле поддршка од различни донатори на локално ниво

## *Информирање*

- Социјалните медиуми се најчесто користени медиуми за подигање на јавната свест за превенција од КОВИД – 19 на населението од страна на ООЦК/ ЦКГС

## *Стрес тест*

- Генералното ниво на стрес на вработените и волонтерите на ЦКРСМ/ООЦК/ ЦКГС е на Ниво 2 - ниво на стрес кое е над нормалното, што укажува на тоа дека волонтерите се соочуваат со одредени знаци на стрес зависно од ангажманот на волонтерите и вработените од недела на недела.

## *Задоволство на корисниците на услугите на ЦКРСМ за време на КОВИД - 19*

- Препораките од пријател, соработник или волонтер се најчестиот начин на којшто корисниците се имаат информирано за услугите кои ги спроведува ЦКРСМ за време на КОВИД 19.
- Корисниците се изјаснија дека повторно би ги користеле услугите на ЦКРСМ во време на КОВИД - 19 бидејќи истите направија промена во нивниот животот на подобро.
- Преку 90 % од корисниците потврдија дека волонтерите, се љубезни, се однесуваат со почит кон нив, имаат точна и навремена испорака на услугите и секогаш доаѓаат со соодветна заштитна опрема за превенција од КОВИД -19.

## *Задоволство на надворешни партнери од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД - 19*

- 90,6% од надворешните партнери изјавија дека имаат воспоставено успешна соработка со ЦКРСМ за време на КОВИД-19
- 90% од нив повторно би соработувале со НД.

## *Задоволство на владини институции од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД - 19*

- 93,3% од анкетираните владини институции се изјаснија дека се задоволни од меѓусебната соработка со ЦКРСМ
- 90% од нив повторно би соработувале со ЦКРСМ, се задоволни со координацијата и комуникацијата и сметаат дека соработката со ЦКРСМ даде придонес во одговорот за справување со КОВИД – 19 во државата.

## *Задоволство на волонтерите од соработката со ЦКРСМ за време на КОВИД -19*

- 88,7% од анкетираните волонтери се задоволни од соработката и 84.8% од нив повторно би волонтирале во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК,
- 75% од анкетираните волонтери имаат добиено прва психолошка помош при спроведување на активностите за време на КОВИД -19.

# ЗАЛКУЧОК

Националното друштво направи рана проценка на клучни ризици кои можат да се појават за време на кризната состојба со КОВИД-19 пандемијата меѓу кои и ризикот по здравје и обезбеди соодветна едукација и заштитна опрема за превенција од КОВИД -19 на сите волонтери и вработени вклучени во операцијата.

Ранливите групи на кои ЦКРСМ им пружа помош и поддршка за време на КОВИД-19 се: деца, лица во трето доба, лица во изолација и самоизолација, лица во карантини, лица со постојни здравствени состојби, специфични заедници, лица со посебни потреби, социјални случаи, семејствата кои изгубија членови на семејство поради КОВИД-19 и самохрани родители.

Преземените активности на ЦКРСМ за време на пандемијата беа во насока на:

подигање на јавната свест за КОВИД-19, промоција на хигиена, помош за скрининг на границите и аеродромите, подготовка на национален апел за хуманитарна помош, дистрибуција на хуманитарни пакети со храна, хигиена и заштитни средства за ранливи групи, воспоставување на телефонска линија за психосоцијална поддршка на ранливо население, поддршка на мигранти и бездомници и доставување на прехранбени и хигиенски производи, лекови, онколошка терапија и инсулинска терапија на лицата во изолација, самоизолација и карантин.

Сите ООЦК и ЦКГС имаа одлична соработка со другите владини институции и невладини организации при справување со КОВИД-19 пандемијат.

Генералното ниво на стрес на вработените и волонтерите на ЦКРСМ, ООЦК И ЦКГС при спроведување на активностите за време на КОИД-19 беше на Ниво 2 - ниво на стрес кое е над нормалното.

Најчесто користени медиуми од страна на ООЦК/ЦКГС за подигање на јавната свест за превенција од КОВИД – 19 на населението беа социјалните медиуми.

Преку 90% од надворешните партнери и владините институции изјавија дека имаат воспоставено успешна соработка и дека повторно би соработувале со ЦКРСМ.

Од анкетираните волонтери 88,7% се задоволни од соработката и 84.8% од нив повторно би волонтирале во ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

Корисниците на услугите на ЦКРСМ го изразија своето задоволство од ангажманот на НД и потврдија дека повторно би ги користеле услугите, бидејќи истите направија промена во нивниот живот на подобро.

# НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ И ПРЕПОРАКИ

По завршување на одредено истражување, особено е важна евалуацијата на истата заради добивање на заклучоци и препораки кои имаат за цел зајакнување на капацитети на една организација, нејзино унапредување како и поголема и подобра подготвеност за секоја наредна ситуација во иднина, особено ако се работи за кризна ситуација. Во целиот процес е важно инволвирање на што поголем број на засегнати страни, како лицата кои ги спровеле активностите, партнерите, донаторите, медиумите како и соработниците, внатрешни и надворешни. Од таа причина за потребите на оваа анализа се подготвени и споделени 6 различни анкетни прашалници наменети за секретари, вработени и волонтери во ЦКРСМ/ООЦК/ЦКГС, корисници на услугите на ЦКРСМ, донатори и владини институции. Од добиените податоци од анализата на анкетните прашалници ќе произлезат научени лекции и препораки за подобро искористување на можности, соодветно справување со предизвици и со тоа полесно и подобро менаџирање на идни кризни состојби од сличен карактер. Целокупниот процес за изработка на оваа анализа има за цел да овозможи намалување на ранливоста на целата заедница како и зачувување и унапредување на работата на Црвениот крст на националното друштво.

Препораките претставени во следната секција се добиени од анкетните прашалници наменети за ООЦК/ЦКГС, волонтерите вклучени во активностите за справување со КОВИД-19, корисниците на услуги, надворешните партнери и владините институции.

## *Препораки од ООЦК и ЦКГС*

- Потребна е претходна подготовка на поголем број на онлајн едукативни материјали и видеа и нивна континуирана употреба со цел подобра подготовка на волонтерите и професионалците за дејствување во случај на катастрофи.
- Користење на модерни алатки за информирање со цел побрза и навремена размена на информации помеѓу ЦКРСМ, ООЦК и ЦКГС, не само во услови на криза, но и во мирнодобски услови.
- Поголема и подобра медиумска присутност на ЦКРСМ во секоја ООЦК/ЦКГС преку ТВ и радио медиумите со унифицирани информации подготвени од централната канцеларија на ЦКРСМ.
- Редовно обезбедување на стокови резерви како на ниво на централна канцеларија така и во сите ООЦК/ЦКГС, за подобра подготвеност во идни кризни ситуации. За таа цел потребно е редовна комуникација и градење на релации со партнери и редовно внесување на податоци во софтверот заради транспарентен приказ на залихи со кои располага секоја ООЦК/ ЦКГС.
- Подобра координираност во комуникацијата на ЦКРСМ со ООЦК/ЦКГС, во насока на брза подготовка на унифицирани документи за дејствување од страна на централната канцеларија.
- Подготовка на план на НД за навремено обезбедување на редовна замена на стручниот тим доколку некој од нив е оневозможен да ги извршува професионалните обврски со цел континуирано работење и спроведување на предвидените активности при кризни ситуации.

- Подготовка и одржување на тренинг за менаџирање со стрес и психо-социјална поддршка за вработените во ЦКРСМ, ООЦК/ЦКГС во мирнодобски услови со цел подобар одговор во случај на кризни ситуации.
- Одржување на неделни брифинзи и сесии за психосоцијална поддршка и мониторинг на вработените во ЦКРСМ/ООЦК/ЦКГС за полесно справување со стресот за време на кризна ситуација.
- Навремена подготовка на протоколи за вработените и волонтерите за правилна и навремена заштита на личното здравје и заштита на воспоставениот систем на ниво на организација за време на криза.
- Јакнење на логистичките капацитети, обезбедување на возила зависно од потребите и големината на ООЦК/ЦКГС и при што секоја ООЦК да има минимум едно возило за обезбедување на соодветна и навремена помош и поддршка на населението особено при кризни ситуации.
- Редовно ажурирање на податоци за волонтери и членови во софтверот и располагање со точна база на податоци од каде може да се црпат човечки капацитети.

## *Традиционални активности*

- ***Одбележување на традиционални недели и денови***
  - Подготовка на алатки и соодветни материјали за дигитализација на традиционалните активности на ЦКРСМ за полесна и подостапна онлајн едукација на населението при одбележување на традиционални недели и денови на ЦКРСМ како во мирнодобски услови така и во услови на катастрофи.
- ***Курсеви по прва помош***
  - Промена на постоечките правилници за обуките по прва помош (за возачи на моторни возила и работни организации) и нивно прилагодување за изведување на онлајн едукација со цел непрекинато спроведување на курсната настава во време на пандемија или кризни состојби од слична природа.
  - Подготовка на алатки за онлајн следење на практичниот и теоретскиот дел од обуката и електронско тестирање на теоретскиот дел од обуките по прва помош (за возачи на моторни возила и работни организации).
- ***Крводарителство***
  - Донесување на политики и стратегија за доброволно крводарителство на Црвен крст на РСМ за справување во кризни состојби и епидемии.
  - Изготвување и печатење на материјали за вонредни состојби и пандемии (постери, брошури, упатства, прашалници, прирачници итн.).
  - Кампања за поттикнување на оздравените лица од КОВИД 19 за донирање на крвна плазма.
  - Изготвување на алатки и форми за поголема онлајн промоција на крводарителството и унапредување на истото преку иновативните алатки.

## *Препораки од волонтери*

- Јакнење на капацитетите на волонтерите од областа на ментално здравје, редовно организирање на обуки по ПСП и ППП за правилно справување со личниот стрес и правилно пружање на ППП и ПСП на ранливо население како во мирнодобски услови така и во време на кризни ситуации.
- Обезбедување на резервна униформа за секој волонтер кој учествува во активностите за справување во кризни ситуации.
- Обезбедување на редовни дисеминациски и ориентерски обуки на сите волонтери за правилна промоција на услугите и активностите на ЦКРСМ од кои бенефит треба да има ранливо население во заедницата.
- Обуки за волонтерите за правилен и соодветен пристап кон ранливото население при спроведување на хуманитарна помош и поддршка.
- Задолжителна едукација за лична заштита на секој волонтер вклучен со волонтерски активности при кризни ситуации од различен карактер, согласно протоколите пропишани од централната канцеларија на ЦКРСМ.
- Задолжителни освежителни обуки на волонтери за сите новини од областа на превенција од КОВИД-19, со цел заштита на личното здравје и целиот систем на функционирање.
- Изнаоѓање на нови алатки за привлекување и задржување на волонтерите во редовите во организацијата, во случај на идни кризни ситуации да имаме искусни волонтери кои можат да дадат придонес во заедницата преку изградба на силни заштитни механизми.
- Да се продолжи со позитивната пракса за задолжително осигурување на сите волонтери вклучени во теренските активности.



## *Препораки од корисници*

- Продолжување на активностите за поддршка и помош на стари и изнемоштени лица.
- Продолжување со делењето на хуманитарни пакети за храна и хигиенски пакети на лицата кои имаат потреба.
- Наградување на волонтерите кои учествуваа во активностите.
- ЦКРСМ да продолжи со истиот пристап кон ранливото население во случај на кризни состојби.




## *Препораки од корисници*

- Продолжување на традицијата на јакнење и континуирано градење на релации со владините институции со цел подобар заеднички одговор во справување со идни кризни ситуации.

## *Препораки од надворешни партнери*

- Континуирано одржување и јакнење на партнерските односите со локалните владини и невладини организации, донатори и корпоративниот сектор со цел обезбедување на навремена и соодветна поддршка при идни кризни ситуации.
- Подобра координација и комуникација со надворешните партнери при спроведување на проектните активности.
- Подобра промоција на партнерите за дадената поддршка во кризна состојба
- Придржување до временските рамки од предвидениот план за реализација на теренските активности од страна на ООЦК и ЦКГС за да може централната канцеларија навремено да одговори на барањата на донаторите и надворешните партнери



# АКРОНИМИ:

| | |
|---|---|
| ЦКРСМ | Црвен крст на Република Северна Македонија |
| НД | Национално друштво |
| ООЦК | Општинска организација на Црвен крст |
| ЦКГС | Црвен крст на град Скопје |
| ОЦ | Оперативен центар |
| ЦК | Централна канцеларија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МКЦК | Меѓународен комитет на Црвен крст |
| МФЦКЦП | Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина |
| СЗО | Светска здравствена организација |
| ПСП | Психосоцијална поддршка |
| ППП | Прва психолошка помош |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |
| ДЗС | Дирекција за заштита и спасување |
| МЗ | Министерство за здравство |
| ЦКА-ПХВ | Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности |

# АНЕКС

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК
### Задоволството на волонтерите на Црвен крст на РСМ при спроведување на теренските активности за време на КОВИД 19

**Вашето мислење ни е важно!**

Црвениот крст спроведува истражување, со цел да да го оцени задоволството на волонтерите за време на КОВИД 19. Вашите одговори ќе останат анонимни. Ова е Вашата можност да ги истакнете Вашите предлози со цел подобрување и јакнење на капацитети на НД.

**Ви благодариме за соработката!**

I. Колку време сте волонтер во Црвен крст?
- ☐ помалку од 1 година
- ☐ повеќе од 1 година
- ☐ повеќе од 5 години
- ☐ повеќе од 10 години

II. Дали е ова ваше прво вклучување во справување со катастрофи или имате и претходно искуство (со поплави, мигрантска криза...)?
- ☐ да
- ☐ не

III. Дали имавте претходна едукација за тоа како правилно да се заштитите од КОВИД 19 при извршување на теренските активности?
- ☐ да
- ☐ не

Оценете ги одговорите според следниот систем:

1 = целосно се согласувам
2 = прилично се согласувам
3 = делумно се согласувам
4 = не се согласувам потполно
5 = воопшто не се согласувам

**Заокружете ја соодветната бројка и означете колку Ви е важна секоја од овие точки.**

1. ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК ми обезбеди соодветна униформа и заштитна опрема за сите превземени активности за време на КОВИД 19.

   1 2 3 4 5

2. Чувствував страв за мојата безбедност и за безбедноста на моето семејство при извршување на теренските активности.

   1 2 3 4 5

3. ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК ми обезбеди прва психолошка помош и поддршка во текот на целокупниот ангажман.

   1 2 3 4 5

4. Повторно би волонтирал/а за ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

   1 2 3 4 5

5. Општо колку сте задоволни од соработката со ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК? (заокружете од 1 = многу задоволен до 5 = воопшто не сум задоволен)

   1 2 3 4 5

6. Кои се вашите предлози, препораки и забелешки во врска со спроведувањето на волонтерските активности за време на КОВИД 19 ?

   ___________________________________________________________

   ___________________________________________________________

   ___________________________________________________________

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК
## Задоволство на корисниците од услугите на Црвен крст на РСМ

**Вашето мислење ни е важно!**

Црвениот крст спроведува истражување, со цел да ги оцени услугите кои Ви ги нудиме. Вашите одговори ќе останат анонимни. Ова е Вашата можност да ги истакнете Вашите предлози за подобрување на услугите.

**Ви благодариме за соработката!**

I. Пол: машки ☐ женски ☐

II. Колку години имате: _______

III. Како дојдовте до информацијата за услугите кои ги нуди Црвениот крст на РСМ кон заедницата:

- ☐ веб странaта на ЦКРСМ
- ☐ социјални медиуми
- ☐ тв медиуми
- ☐ радио
- ☐ пријател, роднина, соработник
- ☐ волонтер на ЦКРСМ
- ☐ друго ___________________________________________

IV. Која од долунаведените услуги на Црвениот крст Ви беше пружена:

- ☐ испорака на хуманитарна помош на лица во социјален ризик
- ☐ телефонска линија за набавка и достава на прехрамбени и хигиенски производи
- ☐ телефонска линија за психосоцијална поддршка
- ☐ достава на хронична и онколошка терапија
- ☐ испорака на прехрамбени и хигиенски производи на лица во самоизолација

Заокружете ја соодветната бројка и означете колку Ви е важна секоја од овие точки.

Оценете ги одговорите според следниот систем:

1 = целосно се согласувам
2 = прилично се согласувам
3 = делумно се согласувам
4 = не се согласувам потполно
5 = воопшто не се согласувам

1) Волонтерите на ЦКРСМ се љубезни 1 2 3 4 5

2) Волонтерите на ЦКРСМ се однесуваат со почит 1 2 3 4 5

3) Волонтерите секогаш доѓаат со соодветна заштитна опрема за превенција од КОВИД -19 1 2 3 4 5

4) Волонтерите се точни и навремено ги извршуваа услугите 1 2 3 4 5

5) Имам добар однос со волонтерите на ЦКРСМ 1 2 3 4 5

6) Повторно би ги користел/а услугите на ЦКРСМ 1 2 3 4 5

7) Општо колку сте задоволни од услугата?
(заокружете од 1=многу задоволен до 5=воопшто не сум задоволен) 1 2 3 4 5

8) Услугата на ЦКРСМ направи промена во мој живот на подобро за време на КОРОНА 19. 1 2 3 4 5

9) Дали имате предлози и препораки за подобрување на услугите што ги спроведува ЦКРСМ за време на КОВИД 19?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

## Задоволство на владини институции од соработката со Црвен крст на РСМ при справување со КОВИД 19

**Вашето мислење ни е важно!**

Црвениот крст спроведува истражување, со цел да ја оцени соработката со владини институции за време на КОВИД 19. Вашите одговори ќе останат анонимни. Ова е Вашата можност да ги истакнете Вашите предлози за подобрување на соработката и јакнење на капацитети на НД.

**Ви благодариме за соработката!**

I. Наведете ги активностите при заедничката соработка со нашата организација (ЦКРСМ) во справување со КОВИД 19.

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

Оценете ги одговорите според следниот систем:

1 = целосно се согласувам
2 = прилично се согласувам
3 = делумно се согласувам
4 = не се согласувам потполно
5 = воопшто не се согласувам

Заокружете ја соодветната бројка и означете колку Ви е важна секоја од овие точки.

1. Задоволен/а сум од координацијата и комуникацијата со ЦКРСМ согласно нивната улога и соработка со нашата институција.

   1 2 3 4 5

2. ЦКРСМ успешно ги извршува предвидените активности согласно планираните активности и соработка.

   1 2 3 4 5

3. Соработката со ЦКРСМ даде придонес во одговорот за справување со КОВИД 19.

   1 2 3 4 5

4. Повторно би соработувале со ЦКРСМ.

   1 2 3 4 5

5. Општо колку сте задоволни од соработката?
   (заокружете од 1 = многу задоволен до 5 = воопшто не сум задоволен)

   1 2 3 4 5

6. Кои се вашите предлози, препораки со цел подобрување на меѓусебната соработка и јакнење на капацитетите на ЦКРСМ?

_______________________________________________________________
_______________________________________________________________

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

## Задоволство на надворешни партнери од соработката со Црвен крст на РСМ при справување со КОВИД 19

**Вашето мислење ни е важно!**

Црвениот крст спроведува истражување, со цел да ја оцени соработката со надворешни партнери за време на КОВИД 19. Вашите одговори ќе останат анонимни. Ова е Вашата можност да ги истакнете Вашите предлози за подобрување на соработката и јакнење на капацитети на НД.

**Ви благодариме за соработката!**

I. Дали ова Ви е прва соработка со Црвен крст на РСМ ?

Да ☐ Не ☐

Оценете ги одговорите според следниот систем:

1 = целосно се согласувам
2 = прилично се согласувам
3 = делумно се согласувам
4 = не се согласувам потполно
5 = воопшто не се согласувам

Заокружете ја соодветната бројка и означете колку Ви е важна секоја од овие точки.

1. Црвениот крст на РСМ целосно се придржуваше до зададената временска рамка за извршување на предвидените активноста од договорот.

   1 2 3 4 5

2. Задоволен/а сум од подготвената документација/евалуација (извештаи, слики. итн) за превземените активности од страна на ЦКРСМ согласно предвидениот план за работа.

   1 2 3 4 5

3. ЦКРСМ успешно ги извршува предвидените активности од договорот.

   1 2 3 4 5

4. Задоволен/а сум од промоцијата која ЦКРСМ ја направи при нашата соработка во спроведување на активностите поврзани со КОВИД 19

   1 2 3 4 5

5. Повторно би соработувале со ЦКРСМ.

   1 2 3 4 5

6.Општо колку сте задоволни од соработката?
(заокружете од 1 = многу задоволен до 5 = воопшто не сум задоволен)

   1 2 3 4 5

7. Кои се вашите предлози, препораки со цел подобрување на меѓусебната соработка и јакнење на капацитетите на нашето НД ?

______________________________________________________
______________________________________________________
______________________________________________________

# Брз тест за самоевлауација
# на нивото на стрес и грижи

Овој краток прашалник може да ви помогне да го евалуирате нивото на стрес за само 2 минути. Одвоите време и пополнете го прашалникот на две недели или на месечно ниво со цел да го мониторирате своет ниво на стрес, базирано на добиените резултати.

Инструкции: Оценете ја секоја од наведените изјави во зависност од тоа колку често ви се појавуваат овие симптоми кај вас во изминатите две недели или еден месец.

| | Никогаш (поени 1) | Еднаш до двапати месечно (поени 2) | Често/ се појавува секоја недела (поени 3) | Секогаш (поени 4) |
|---|---|---|---|---|
| Се чувствувам напнато и нервозно | | | | |
| Имам физички осип и болка | | | | |
| Уморен/на сум, физички и ментално | | | | |
| Најтивка врева ме тера да скокнам | | | | |
| Повеќе не ме интересира мојата работа | | | | |
| Реагирам импулсивно и превземам многу ризици | | | | |
| Не можам да ги исфрлам негативните мисли и грижи од мојот ум | | | | |
| Тажен/на сум и ми се плаче | | | | |
| Јас сум помалку ефикасен/а отколку што бев порано | | | | |
| Јас имам проблем со планирање и јасно размислување | | | | |
| Јас имам проблем со спиењето | | | | |
| Треба да вложам напори за извршување на рутинските обврски | | | | |
| Јас станав циничен/а или многу критички се однесувам | | | | |
| Јас имам лоши соништа или кошмари | | | | |
| Јас лесно се иритирам, дури и мали непријатности или побарувања ме нервираат | | | | |
| Јас поминувам повеќе време на работа отколку порано | | | | |

(Подготвил: John Ehrenreich)

## Ве молам соберете го вкупниот збир на поени и прочитајте го релевантиот дел за вас:

**Од 16-20 поени:** Вашето ниво на стрес е нормално. Вие доживувате одредени знаци на стрес, што е нормално во ова предизвикувачко време. Вашето ниско ниво на стрес укажува на тоа дека вие сте креирале успешни механизми за справување со стрес на дневна основа, кои можете да ги активирате и во предизвикувачки околности.

**Од 21-28 поени:** Вашето ниво на стрес е над нормалното што значи дека вие се соочувате со одредени знаци на стрес од недела на недела, и можеби имате знаци на стрес кои се предизвикани од специфични извори на стрес кои постојано се појавуваат. Продоложете да се справувате со вашите грижи и стрес на начинот на кој го правевте тоа пред почетокот на пандемијата, пример: продолжете да контактирате со луѓето кои ви се блиски виртуелно, останете физички активни, практикувајте грижа за себе, бидете полни со сочуство и разбирање за себе.

**Од 29-35 поени:** Вие доживувате високо ниво на стрес што значи дека некои ментални, емоционални и/или физички знаци се појавуваат од недела на недела и вие можеби живеете со некои од овие знаци на грижа. Од друга страна пак, човечкиот мозок работи брилијантно и кога станува збор за прилагодување или намалување на овие болни предизвици. Како последица на игнорирање на овие телесни, ментални или емоционални знаци, луѓето можат да платат висока цена пример: може да го загрози вашето здравје или да ги влоши вашите односи со најблиските. Покрај тоа што можете да продолжите со практикување на грижа за себе, вам може да ви биде корисно и да стапите во контакт со професионалец кој ќе ви обезеди поддршка во намалување на нивото на стрес и грижи.

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДГОВОРОТ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА (МАРТ- МАЈ 2020г )

**Означете од каде доаѓате:** ○ **ООЦК,** ○ **ЦКГС,** ○ **ЦКРСМ.**

Оценете ги одговорите според следниот систем:
1 = воопшто не се согласувам
2 = не се согласувам потполно
3 = делумно се согласувам
4 = прилично се согласувам
5 = целосно се согласувам

*Заокружете ја соодветната бројка и означете колку Ви е важна секоја од овие точки.*

**I. Комуникација и координација на ООЦК/ ЦКГС со централна канцеларија (ЦК) Оперативен центар (ОЦ) и институции (владини и невладини) за време на вонредната ситуација со КОВИДД-19.**

1. Насоките добиени од ЦК и ОЦ беа навремени и соодветни.
   1 2 3 4 5

2. Имавте предизвици во имплементација на насоките добиени од ЦК и ОЦ.
   1 2 3 4 5

3. Вашите препораки беа земени во предвид при донесување на одлуки од страна на ЦК и ОЦ.
   1 2 3 4 5

4. Вашите препораки беа земени во предвид при донесување на одлуки од страна на институциите
   1 2 3 4 5

5. Насоките добиени од институциите соодветствуваа со моменталните потреби на терен на ранливото населението.
   1 2 3 4 5

6. Насоките кои ги добивавте од страна на институциите беа прифатливи и во согласност со добиените насоки од ЦК и ОЦ.
   1 2 3 4 5

7. Соработката со други граѓански организации беше одлична .
   1 2 3 4 5

8. Другите граѓански организации ни претставуваа пречка во процесот на обезбедување на улсуги и сервиси за ранливото население.
   1 2 3 4 5

9. Што би промениле вие во однос на целокупната комуникацијата со оперативниот центар и централната канцеларија?
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

## II. Услуги и сервиси за времетраење на вонредната ситуација со КОВИД-19.

1. Услугите и сервисите кои ги обезбедувавте во вонредната ситуација беа ефикасни и соодветни на потребите на локално ниво.
   1 2 3 4 5

2. Насоките и предлозите добиени од ОЦ и ЦК беа соодветни и апликативни во вашата локална заедница.
   1 2 3 4 5

3. Се појавија проблеми и потешкотии при обезбедување на услугите и сервисите во локалната заедница ?
   1 2 3 4 5

4. Кои се вашите предлози за развивање на нови услуги и сервиси во заедницата базирано на потребите со кои се соочивте во изминатиот период?
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

## III. Управување со човечки ресурси во време на вонредна ситуација со КОВИД-19.

1. Дали се соочивте со недостаток на човечки ресурси за справување со вонредна ситуација?
   Да ○ Не ○

2. Дали се соочивте со одреден безбедносен ризик?
   Да ○ Не ○

## IV. Финансирање за време на вонредна состојба со КОВИД-19

1. Дали имате обезбедено поддршка од различни донатори на локално ниво?
   Да ○ Не ○

2. Доколку одговорот на претходното прашање Ви е да, ве молам наведете каков вид на поддршка добивте од донаторите за време на пандемијата?
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
   ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. На кој начин вршите мобилизирање на средства  или донации?
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4. Каков вид на поддршка Ви е потребно од страна на централната канцеларија при мобилизирање на фондови?
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## V. Информирање на населението

1. На кој начин вршевте едукација и подигнување на јавната свест кај населението за мерките за заштита и превенција од КОВИД -19?
    - Социјални медиуми
    - Веб страната на организацијата
    - Лице в лице
    - Институции
    - Флаери и други печатени материјали
    - Организирање на обуки онлајн
    - Друго ____________________________________________

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Yan, Y., Shin, W. I., Pang, Y. X., Meng, Y., Lai, J., You, C., Zhao, H., Lester, E., Wu, T., & Pang, C. H. (2020). The First 75 Days of Novel Coronavirus (SARS-CoV-2) Outbreak: Recent Advances, Prevention, and Treatment. International journal of environmental research and public health, 17(7), 2323. https://doi.org/10.3390/ijerph17072323

2. Dhama, K., Khan, S., Tiwari, R., Sircar, S., Bhat, S., Malik, Y. S., Singh, K. P., Chaicumpa, W., Bonilla-Aldana, D. K., & Rodriguez-Morales, A. J. (2020). Coronavirus Disease 2019-COVID-19. Clinical microbiology reviews, 33(4), e00028-20. https://doi.org/10.1128/CMR.00028-20

3. Balkhair A. A. (2020). COVID-19 Pandemic: A New Chapter in the History of Infectious Diseases. Oman medical journal, 35(2), e123. https://doi.org/10.5001/omj.2020.41

4. https://www.who.int/news-room/detail/27-04-2020-who-timeline---covid-19

5. Machhi, J., Herskovitz, J., Senan, A. M., Dutta, D., Nath, B., Oleynikov, M. D., Blomberg, W. R., Meigs, D. D., Hasan, M., Patel, M., Kline, P., Chang, R. C., Chang, L., Gendelman, H. E., & Kevadiya, B. D. (2020). The Natural History, Pathobiology, and Clinical Manifestations of SARS-CoV-2 Infections. Journal of neuroimmune pharmacology : the official journal of the Society on NeuroImmune Pharmacology, 1–28. Advance online publication. https://doi.org/10.1007/s11481-020-09944-5

6. https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/

7. https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200313-sitrep-53-covid-19.pdf?sfvrsn=adb3f72_2

8. https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200319-sitrep-59-covid-19.pdf?sfvrsn=c3dcdef9_2

9. https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/situation-reports/20200513-covid-19-sitrep-114.pdf?sfvrsn=17ebbbe_4

10. https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/

11. Contini C, Caselli E, Martini F, et al. COVID-19 Is a Multifaceted Challenging Pandemic Which Needs Urgent Public Health Interventions. Microorganisms. 2020;8(8):E1228. Published 2020 Aug 12. doi:10.3390/microorganisms8081228https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/32806657/

12. Stawicki, S. P., Jeanmonod, R., Miller, A. C., Paladino, L., Gaieski, D. F., Yaffee, A. Q., De Wulf, A., Grover, J., Papadimos, T. J., Bloem, C., Galwankar, S. C., Chauhan, V., Firstenberg, M. S., Di Somma, S., Jeanmonod, D., Garg, S. M., Tucci, V., Anderson, H. L., Fatimah, L., Worlton, T. J., ... Garg, M. (2020). The 2019-2020 Novel Coronavirus (Severe Acute Respiratory Syndrome Coronavirus 2) Pandemic: A Joint American College of Academic International Medicine-World Academic Council of Emergency Medicine Multidisciplinary COVID-19 Working Group Consensus Paper. Journal of global infectious diseases, 12(2), 47–93. https://doi.org/10.4103/jgid.jgid_86_20

13. Park, C. Y., Villafuerte, J., & Abiad, A. (2020). Updated Assessment of the Potential Economic Impact of COVID-19. https://www.adb.org/publications/updated-assessment-economic-impact-covid-19

14. Stefan Gössling, Daniel Scott & C. Michael Hall (2020) Pandemics, tourism and global change: a rapid assessment of COVID-19, Journal of Sustainable Tourism, DOI: 10.1080/09669582.2020.1758708https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/09669582.2020.1758708
15. http://zdravstvo.gov.mk/vospostaven-sistemot-so-termo-kamera-na-skopskiot-aerodrom/
16. https://vlada.mk/node/20319
17. https://vlada.mk/covid19
18. https://vlada.mk/node/20329
19. https://vlada.mk/covid19 https://vlada.mk/node/20813
20. https://vlada.mk/node/20446
21. https://vlada.mk/node/20516
22. https://vlada.mk/node/20502
23. https://vlada.mk/node/20544
24. https://vlada.mk/node/20588
25. http://zdravstvo.gov.mk/filipche-vkupno-70-lica-zarazeni-so-korona-vo-zemjata-od-ponedelnik-vo-skopje-kje-se-vrshi-testiranje-i-vo-poliklinikite-chair-i-jane-sandanski/
26. https://vlada.mk/node/20679
27. https://vlada.mk/node/21367
28. http://europeanmovement.org.mk/osvrt-na-parlamentarnite-izbori-2020/
29. https://vlada.mk/node/21869
30. https://vlada.mk/node/22051
31. https://koronavirus.gov.mk/merki/ekonomski-merki
32. https://vlada.mk/node/20813
33. https://bit.ly/2XubaCo
34. https://bit.ly/2Rs6rgQ
35. https://koronavirus.gov.mk/wp-content/uploads/2020/04/Sednica-32-31.03.2020-01.04.2020-Uredba-so-zakonska-sila-za-finansiska-poddrshka-na-rabotodavachite-od-privatniot-sektor-zaradi-isplata-na-plati-za-mesecite-april-i-maj-2020.pdf
36. http://www.economy.gov.mk/vest/392
37. https://bit.ly/3ccVIPq
38. https://bit.ly/2XubaCo
39. https://bit.ly/2JV6RIz
40. https://bit.ly/2VkCReh

41. https://bit.ly/3ei5p0D
42. https://bit.ly/2xlfWre
43. https://bit.ly/3a5aFkW
44. https://vlada.mk/node/20813
45. 45.https://www.unicef.org/media/93756/file/ECAR%20COVID-19%20Situation%20Report%20No.%2016%20End%20of%20year%202020.pdf
46. https://www.unicef.org/media/93756/file/ECAR%20COVID-19%20Situation%20Report%20No.%2016%20End%20of%20year%202020.pdf
47. https://www.who.int/csr/don/31-december-2020-sars-cov2-variants/en/
48. http://www.iph.mk/sostojba-so-covid-19-28122020-do-312021/
49. 49. https://vlada.mk/node/22263
50. 50.https://vlada.mk/node/23294
51. 51.https://vlada.mk/node/23668


#Останu Дома
#QendroNeShtepi
#Evde Kal
#Ostani Kod Kuce


КРСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА







